KOALICIONI

КОАЛИЦИЈА

KOALICIJA

СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE



# ПЕРИОДИЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЈУЛИ 2003 - ЈАНУАРИ 2004

**Проект: "Набљудување на имплементацијата на меѓународните стандарди за правично судење во домашните судови и проценка за функционирање на судството во Република Македонија"**

# Периодичен извештај

# Периодичен извештај

**Автори:** *Арсен Јаневски, ПхД; Љупчо Арнаудовски, ПхД; Виолета Велкоска* • **Издавач:** *Коалиција “Сите за правично судење”* • **Одговорен уредник:** *Виолета Велкоска* • **Технички уредник:** *Александар Бабаков - Студио ЕМИТЕР* • **Внатрешен дизајн:** *Невенка Стојановска* • **Лектор:** *Ивана Коцевска* • **Корица:** *Нино Кузмановски* • **Печати:** *Југореклам - Скопје*

КОАЛИЦИЈА

KOALICIONI

KOALICIJA

СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJUKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

**Проект: "Набљудување на имплементацијата на меѓународните стандарди за правично судење во домашните судови и проценка за функционирање на судството во Република Македонија"**

# Периодичен извештај

**Изготвен врз основа на набљудувани судења во периодот од јули 2003 до јануари 2004 година**

**Скопје, мај 2004**

OSCE
Organization for Security and Co-operation in Europe
**Spillover Monitor**
**Mission to Skopje**

FOUNDATION OPEN SOCIETY INSTITUTE MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ИНСТИТУТ ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

# Содржина

Благодарност ........ 7
Вовед ........ 8
Кратко резиме ........ 9
Кратенки ........ 12

**ГЛАВА 1**

**1. Осврт на состојбата со судството во Р. Македонија** ........ 13

**2. Коалиција "Сите за правично судење"** ........ 14

**3. Методологија, временска рамка и теми** ........ 17

**ГЛАВА 2**

**4. Право на еднаквост пред судот и законите** ........ 23
Граѓанска постапка ........ 24

**5. Право на судење пред надлежен, независен, непристрасен и со закон заснован суд** ........ 25
Кривична постапка ........ 25
Граѓанска постапка ........ 28

**6. Право на правично судење** ........ 30

**7. Еднаквост на средствата** ........ 30

**8. Право да се биде присутен на судењето** ........ 31

**9. Право на јавно судење** ........ 32
Кривична постапка ........ 33
Граѓанска постапка ........ 34

**10. Судење во разумен рок** ........ 35
Кривична постапка ........ 35
Граѓанска постапка ........ 38

**11. Правото на молчење** ........ 40

**12. Право на информирање за обвиненијата** ........ 41

**13. Право  на преведувач** ........ 42
Кривична постапка ........ 42
Граѓанска постапка ........ 43

**14. Право на одбрана** ........ 44
Кривична постапка ........ 44
Граѓанска постапка ........ 45

## ГЛАВА 3

**15. Капацитет на судовите, просторни можности и услови за работа** ........ 46

**Прилог 1:  Листа на набљудувани кривични дела** ........ 51

# *Благодарност*

Периодичниот извештај на Коалицијата "Сите за правично судење" претставува резултат на заемно несебично залагање на голем број на актери. Пред сé, тој е резултат на професионалниот и објективен придонес на набљудувачите на Коалицијата преку регистрирање на податоците од судските процеси, на локалните координатори кои претставуваат носечки столбови на структурата на Коалицијата и гаранција за реализација на проектните активности, како и на локалните правни експерти кои воедно се прва контрола на точноста на податоците.

Периодичниот извештај е базиран на анализите направени од страна на проф. д-р Љупчо Арнаудовски, во доменот на кривичната материја, и проф. д-р Арсен Јаневски, во областа на граѓанската постапка. Нивното познавање на домашните законски прописи, како и на меѓународните документи ратификувани од страна на Р. Македонија, овозможи да се добие првична претстава за имплементираноста на меѓународните стандарди за правично судење во праксата на домашните судови.

Г. Павел Манев и г. Ранко Максимовски, судии на Врховниот суд во пензија, дадоа несебичен придонес во обуката на набљудувачите и во коментирањето на овој Извештај.

Реализацијата на Извештајот на Коалицијата немаше да биде возможна без поддршка на Одделот за владеење на правото при ОБСЕ во Скопје, пред сé на г. Симон Греутер, офицер при Одделот за владеење на правото во Скопје и советник на Коалицијата.

Финансиската поддршка за проектните активности беше обезбедена од страна на Канадската меѓународна агенција за развој (ЦИДА), Одделот за владеење на правото при ОБСЕ, Канадската амбасада во Скопје како и Фондацијата "Институт Отворено Општество" - Македонија.

Коалицијата "Сите за правично судење" им се заблагодарува на претседателите на основните судови во Р. Македонија кои овозможувајќи пристап до податоците за набљудуваните предмети ги помагаат напорите на Коалицијата за зголемување на довербата на граѓаните во судството, лоцирање на проблемите со кои судството се соочува и изнаоѓање на можни начини за нивно решавање, како и на Претседателот на Врховниот суд на Р. Македонија и Министерството за правда за поддршката при започнувањето на реализација на проектот "Имплементација на меѓународните стандарди за правично судење во домашните судови и проценка за функционирање на судството во Република Македонија".

Пред сé, изразуваме благодарност до сите судии во основните судови во Р. Македонија за професионално и коректно однесување кон набљудувачите.

Виолета Велкоска, извршен директор
Коалиција "Сите за правично судење"

# *Вовед*

Истражувањата[1] спроведени на територијата на Република Македонија покажуваат загрижувачки резултати за (не)довербата на граѓаните кон институциите на системот, а особено во судството.

Таквата состојба негативно делува врз функционирањето на Македонија како демократска и правна држава која почива врз начелото за владеење на правото, држава во која се гарантираат, заштитуваат и остваруваат слободите и правата на човекот утврдени во домашното законодавство како и во меѓународните документи на Обединетите нации и Советот на Европа, ратификувани од Р. Македонија.

Со цел да се зголеми довербата на јавноста во правниот систем и судството, да се идентификуваат проблемите во судскиот систем и да укаже на потребата за правна и институционална реформа, да се зголеми почитувањето на стандардите за правично судење пред домашните судови, како и да се запознае јавноста со стандардите за правично судење, 20 невладини домашни организации се обединија во реализација на проектот "Имплементација на меѓународните стандарди за правично судење во домашните судови и проценка за функционирање на судството во Република Македонија".

Структурата на Коалицијата се создаде врз основа на идејата за набљудување на граѓански и кривични предмети во првостепена постапка пред сите основни судови во Р. Македонија. Обуката на околу стотина правници, адвокати и активисти од доменот на човековите права, прашалниците за набљудување на кривичните и граѓанските предмети, "Прирачникот за набљудување на судења", се главните инструменти за доаѓање до квалитетни сознанија за состојбата на судството во Р. Македонија.

Периодичниот извештај на Коалицијата "Сите за правично судење" ги презентира податоците прибрани во набљудувачкиот процес, поодделно за секој меѓународен стандард како во кривичната постапка, така и во граѓанската. Притоа, направен е компаративен преглед на домашната регулатива и одредбите од меѓународните документи.

Презентирани се резултатите од набљудуваните 509 рочишта во кривичната област и 480 од граѓанската за период од јули 2003 до јануари 2004 год. и извлечени се заклучоци за различните фактори кои го сочинуваат односниот стандард и кои влијаат на неговата имплементација.

Текстот, исто така, содржи и примери на набљудувани предмети, било позитивни или негативни, со цел да се нагласат одредени состојби или факти.

---

[1] Во февруари 2003 година истражувањето на јавното мислење спроведено од "Институтот за демократија, солидарност и граѓанско општество" покажа дека граѓаните имаат најниска доверба во судството,помалку од војската, полицијата, Владата и Собранието.

# *Кра̄тко резиме*

Иако набљудувањето траеше само 6 месеци, што претставува премногу кратко време за да се добие комплетна слика за имплементација на меѓународните стандарди за правично судење во домашните судови, како и за функционирање на судството, сепак првичните анализи веќе ги покажаа индикаторите за нивото на почитувањето на истите, како и проблемите со кои се соочува судството.

Имено, во однос на **правото на судење пред надлежен, независен, непристрасен и со закон заснован суд** утврдено е дека:

- Судовите во кривичните предмети судат во границите на својата стварна надлежност определена со закон. Судските совети се правилно составени согласно тежината на кривичното дело.
- Во исклучителни ситуации, одредбите од Судскиот деловник за распределба на предметите на судиите не се почитуваат, со што се доведува во прашање начелото на непристрасност.
- Мошне ретко, барањето за изземање на судиите се користи како средство за одолговлекување на постапката, најчесто од страна на бранителите. По тие барања по правило судиите (судовите) постапуваат.
- Постои преголема пасивност на судиите поротници за време на судскиот процес.

Еден од начините преку кои се верификува стандардот "**Еднаквост на средствата**" е можноста за предлагање на докази од страна на обвинетиот и неговиот бранител во текот на постапката.

- Судиите (судовите) ги прифаќаат предлозите на обвинетите лица и нивните бранители за изведување докази, со што им се даваат еднакви шанси да ја изнесуваат својата одбрана.
- Најчесто бранителите ја користат можноста да предлагаат нови сведоци и нивно сослушување, поретко и нови материјални докази.

Анализите за почитувањето на **правото да се биде присутен на судењето,** во домашните судови ѝ упатуваат кон следниве заклучоци:

- Мошне ретко се суди во отсуство на обвинетиот. Кога тоа се случува во прашање се предмети во кои се води постапка против повеќе обвинети лица.
- При сите судења на обвинети лица во отсуство, од страна на судот бил поставен бранител.

**Правото на јавно судење** е имплементирано во најголемиот број од набљудуваните судења. Во случај на исклучување на јавноста, одлуките се донесени од страна на судијата во согласност со законските одредби од граѓанската и кривичната постапка. Во неколку исклучителни случаи, на набљудувачите не им е дозволен пристапот на судските рочишта, што претставува прекршување на правото на јавно судење.

Исто така, слабата информираност на јавноста за тековните судења, како и просторните проблеми, создаваат ограничување на овој меѓународен стандард.

При оценка на начелото за **судење во разумен рок,** земени се предвид голем број на фактори кои истото го определуваат. Притоа утврдено е дека:

- Судењата често не започнуваат во закажаното време
- Судењата по правило траат доста кратко и често завршуваат со одлагање уште во фазата на заседание пред отпочнување на главниот претрес.
- Од поднесување на обвинението до закажувањето на главниот претрес најчесто поминува премногу време.
- Однесувањето на обвинетиот е најчеста причина за одлагањето на постапката.
- Пречекорување на максималниот рок за одложување на започнат главен претрес за време подолго од 30 дена доведува до непотребно одлагање на постапката.
- Судијата ретко ургира за забрзување на реализација на вештачењето.
- Уредната достава во граѓанските предмети има големо влијание на времетраењето на постапката.

Начелото на запознавање на обвинетиот со **правото на молчење** главно се почитува во постапката пред основните судови. Обвинетите лица ретко го користат правото на молчење.

Судовите прават сериозни напори да обезбедат остварување на **правото на преведувач,** иако моменталната состојба со потребниот број на квалификувани преведувачи за сите јазици создава организациони проблеми кои во иднина мора да се разрешат.

Недостигот од квалификувани преведувачи во судовите на РМ доведува или до одлагање на постапката заради обезбедување на истите или до употреба на услугите на лица кои немаат соодветни квалификации.

Во однос на **правото на одбрана,** сознанијата нé упатуваат дека:

- Обвинетите најчесто сами ги избираат своите бранители.
- Во најголем број на случаи тужителот и тужениот се застапувани од полномошник во постапката пред судот. Полномошникот најчесто е од редот на адвокатите.
- Правото на бесплатна правна помош мошне ретко се користи во кривичните предмети.

Просторните и техничките претпоставки за одржување на судските процеси се од суштествено значење за постоењето на ефективно и ефикасно судство. Дел од основните судови во РМ се соочуваат со проблемот на недоволен број на судници.

**Препораки:**

- Во работата на Комисијата за измени и дополнување на Законот за судовите по наше мислење повторно треба да се обрне внимание повторно на прашањето на надлежностите и организацијата на судската мрежа и судовите. Односно, неопходно е да се направи анализа на оптовареноста на одделните судови со предмети по видови и во таа смисла да се разреши прашањето на бројот на судиите во секој суд и надлежноста на судовите. Прашањата на месната и стварната надлежност изискуваат да се изгради нов пристап кон нивно разрешување, во функција на зголемување на ефикасноста и експедитивноста на судовите.

- Неопходно е да се забрза и унапреди примената на самостојниот судски буџет и на тој начин да се обезбеди разрешувањето на многубројните финансиски проблеми со кои секојдневно се соочуваат судовите.

- Истакнувањето на броевите на предмети, за кои се води постапка, на јавно место во судот или во судницата во која се суди треба да биде правило во сите судови во Р. Македонија. Изготвувањето на месечни планови за работата на секој судија и нивното објавување на јавни места (вклучувајќи го и одлагањето), без сомнение ќе придонесе за зголемува ње на ажурноста, ефикасноста во работата на судовите и афирмација на начелото на јавност во нивната работа.

- Распределбата на предметите во судовите помеѓу судиите во иднина би требало да биде регулирано не со Судскиот деловник, туку со Закон или друг правен акт од повисок степен.

- Во иднина би требало да се размислува за унапредување и поблиско одредување на постапката за избор на судиите-поротници и поблиско одредување на нивните способности и квалификации за судии-поротници.

- Во методологијата на работата на судијата како и неговите стручни соработници и помагачи нужно е да стане пракса претресот претходно да биде подготвен, да се изврши проверка на сите дејствија што треба да овозможат процесот да започне и заврши успешно. На тој начин бројот на одлагањата на претресите, без сомнение, ќе се намали.

- Бидејќи се покажува дека во предметите за кои судовите одлучуваат вештите наоди и мислења (вештачењата како доказ) имаат големо значење но едновремено се причина за одолговлекување на постапката, неопходно е да се изнајдат соодветни решенија за организација на институциите, службите и сервисите коишто вршат вештачење.

- При овие состојби кои денес постојат во РМ неопходно е да се афирмира сиромашкото право на одбрана и државата да формира фонд од кој ќе се остварува одбраната и правото на бранител.

- Започнатиот процес на компјутерска модернизација ќе овозможи поголема експе дитивност и ефикасност во функционирање на судството.

# *КРАТЕНКИ*

**ЗПП** — **Закон за парнична постапка**
(Службен весник на РМ 33/98)

**ЗКП** — **Закон за кривична постапка**
(Службен весник на РМ 15/97;44/02)

**УДЧП** — **Универзална декларација за човекови права**
(донесена од Генерално собрание на ООН 1948)

**ЕКЧП** — **Европска конвенција за заштита на човекови права и слободи**
(Совет на Европа 1953)

**МПГП** — **Меѓународен пакт за граѓански и политички права**
(Обединети нации 1966)

**ЗС** — **Закон за судовите**
(Службен весник на РМ 36/95;45/95;64/03)

**ЗСТ** — **Закон за судски такси**
(Службен весник на РМ 46/90;11/91;65/92;20/95;48/99)

**СД** — **Судски деловник**

**ЗИДЗПП** — **Закон за изменување и дополнување на законот за парнична постапка**
(Службен весник на РМ 44/02)

**КЗ** — **Кривичен законик**
(Службен весник на РМ 37/96;80/99;4/02;43/03)

## 1. Осврт на состојбата со судството во Р. Македонија

Република Македонија по осамостојувањето претрпе длабоки трансформации во сите области од општествените односи: политичките, правните, економските, социјалните и др. Со Уставот од 1991 година, Република Македонија се прокламира како држава чијшто развој и функционирање како демократска правна држава почива врз начелото за владеење на правото, држава во која се гарантираат, заштитуваат и остваруваат слободите и правата на човекот утврдени и прифатени со меѓународните документи на Обединетите нации и Советот на Европа.

Принципот на поделба на власта на законодавна, извршна и судска го афирмира постулатот на независно судство како трет облик на власт чие функционирање треба да обезбеди: остварување и функционирање на државата врз принципот на владеење на правото и начело на законитост со чија примена се обезбедува: еднаквост, рамноправност на граѓаните, недискриминација по кој било основ пред законот, начело на легитимитет во примена на присила од страна на државните органи, заштита на слободите и правата на граѓаните од страна на судот и во постапка пропишана со закон.

Промените во политичкиот и правниот систем на Република Македонија доведоа до длабоки промени во судскиот систем. Се напушти стариот систем на организација на судовите и се создадоа судови со надлежност дефинирана на нов начин, се напушти концептот на специјализирани судови (стопански судови, воени судови, судови за прекршоци) и се создаде единствен судски систем во согласност со неговите надлежности во областа на заштита и остварување на правата и слободите на човекот.

Новата организација на судството се воспостави со Уставот на Република Македонија (чл. 98-105), Законот за судовите и Законот за Републички судски совет. Законот на судовите воведе генерален реизбор на судии чија задача ја изврши Републичкиот судски совет и судството почна да ја извршува својата функција на правораздавање. На овој начин судството се осамостои од другите власти, но едновремено се соочи со огромни организациони, технички, материјални, кадровски и други проблеми коишто се јавуваа и сé уште се јавуваат како пречка на патот на неговото осамостојување како независно судство.

Со создаденото законодавство беа разрешени основните прашања кои ја обезбедуваат личната и општата независност на судијата во вршење на функцијата: ***избор*** на судии од страна на независен орган (но на недоследен начин, бидејќи Републичкиот судски совет само ги предлага а дефинитивниот избор е во надлежност на Собранието, кое не е ослободено од партиски

влијанија); решено е прашањето за ***траен мандат*** на судиите, решен е принципот на ***неподвижност и неменливост*** на судиите, основите за ***одговорност на судиите*** и други прашања што се во функција на обезбедување на независност на судиите и судовите.

Сепак, се покажа дека заинтересираноста на партиите на власт за судството е голема и тие своето партиско влијание врз судството при изборот на судиите го остваруваат преку Републичкиот судски совет и Собранието. Влијанието на партиите на власт не завршува само на изборот на судиите, туку се чувствува и во нивната секојдневна работа. Влијание со трајни последици коишто се покажуваат како сериозно загрозување на независната положба на судиите во одлучувањето, третманот на странките, односот кон предметите што ги решаваат.



Судството на тој начин се конституира врз нови основи, но остана старото законодавство кое споро и тешко се менува и усогласува со новите односи во општеството. Во меѓувреме, се покажа дека и некои новодонесени закони треба да се менуваат. Таа состојба во голема мера ја отежнува ситуацијата на судството и неговото функционирање. Промените во политичкиот, правниот, економскиот систем на државата предизвикуваат длабоки промени во целокупната економска, политичка и социјална структура на општеството.

Тие промени придонесоа да се зголеми криминалитетот во државата, да се јават нови, посложени облици на криминалитет, вклучувајќи ги и облиците на организиран транснационален криминалитет: трговија со дроги, оружје, луѓе, перењето пари, корупција, криминалитет со карактеристики на насилство и сл. Се појавија многу сложени облици на економски криминалитет којшто се остварува низ процесите на приватизација на државните претпријатија и капитал. Сето ова судовите ги исправи пред нови задачи, за кои тие се покажаа како недоволно подготвени.

Горенаведените состојби имаа за последица судството во Македонија да се пренатрупа со предмети (се спомнува бројка од 600.000 нерешени граѓански и кривични предмети пред сите судови). Посебно е голем бројот на прекршочните предмети. Овие податоци говорат дека секој втор граѓанин на Македонија има некаква работа со судството. На овој начин, судството наместо да се јави како фактор кој ќе влијае врз функционирањето на државата како правна, како институција која ќе ги штити слободите и правата на граѓаните, се претвори во сфера во која настануваат чести повреди на правата и слободите на човекот. Како последица на ова, довербата на граѓаните во судството падна на многу ниско ниво и тоа стана предмет на општи јавни критики и незадоволство кај граѓаните.

Во таква ситуација се родија тврдењата за голема корумпираност на судството, проблем на којшто сега укажува и меѓународната заедница. Неажурноста, спорото решавање на предметите, непрофесионалноста, ниските плати на судиите и, воопшто, условите во коишто тие работат, придонесоа овие сомнежи да се прошират и да се прифатат како нотoрен факт кој го руши угледот на судството, го потхранува и обликува чувството на недоверба во него.

Овие согледувања се јавуваат не само како причини што ја налагаат потребата од следење и анализа на состојбите во судството, туку и како детерминанти што го определуваат пристапот кон реализација на овој проект.

## *2. Коалиција “Сите за правично судење”*

Коалицијата на здружение на граѓани “Сите за правично судење”-Скопје претставува организација во која на доброволна основа членуваат 20 НВО од целата територија на Република Македонија:

МОСТ-Скопје, МОФ-Скопје, СППМД-Кавадарци, ЦДР-Тетово, АРКА-Куманово, ФЕМИНА-Куманово, АДИ-Гостивар, Граѓански патеки-Битола, Здружение за правата на Ромите

АРРП-Штип, Хелсиншки комитет за човекови права-Скопје, Заштита на правата на детето-Скопје, МЕЃАШИ-Скопје, ПХУРТ-Делчево, РОЗПР-Скопје, АСВИН-Скопје, МПРЦ-Скопје, ГИЦ Спектар-Штип и ФОКУС-Ресен, Темис - Скопје, АНИ- Штип.

Коалицијата е основана на 12 мај 2003 година, со цел:

- Да го зголеми почитувањето на стандардите за правично судење пред домашните судови.
- Да ја зголеми довербата на јавноста во правниот систем и судството.
- Да ги идентификува наследените проблеми во судскиот систем и да укаже на потребата за правна и институционална реформа.
- Да ја запознае јавноста со стандардите за правично судење.

Највисоко тело на одлучување е Собранието на Коалицијата, во кое секоја од организациите - членки на Коалицијата има свој претставник.

Извршниот орган на Коалицијата е Извршниот борд кој се состои од 11 члена:
Трајче Пеливанов (претседател) на Коалицијата, Аслан Биљали, Шпенд Деваја, Љупчо Арнаудовски , Ранко Максимовски , Елизабета Недановска, Анета Шијакова, Весна Стојковска, Дарко Алексов , Јагода Глигоровска, Кристина Мишева

Извршен директор на Коалицијата е Виолета Велкоска.

Согласно одлуката на Програмскиот борд од 17.10.2003 година, беше избран и менаџерски тим на Коалицијата составен од проект-менаџер и Проект-асистент.

Коалицијата има 80 обучени набљудувачи од редовите на правници и адвокати кои вршат набљудување на граѓански и кривични предмети во сите основни судови на Р. Македонија.

Нивната активност се координира преку 7 Регионални канцеларии кои покриваат различни судови и тоа:

1. СППМД - Кавадарци, за подрачјето на основните судови во Кавадарци, Неготино и Гевгелија.
2. ХДЗР Месечина - Гостивар, за подрачјето на основните судови во Гостивар, Кичево и Дебар.
3. ЦДД - Тетово, за подрачјето на основните судови во Тетово, Охрид и Струга.
4. МОФ - Скопје, за подрачјето на основните судови во Скопје и Велес.
5. АРКА -Куманово, за подрачјето на основните судови во Куманово, Свети Николе, Кратово, Крива Паланка, Делчево и Берово.
6. Граѓански патеки - Битола,за подрачјето на основните судови во Битола, Прилеп, Крушево и Ресен.
7. АРРП - Штип, за подрачјето на основните судови во Штип, Кочани, Виница, Радовиш и Струмица.

Регионалните канцеларии вработуваат локален координатор кој ја организира и надгледува работата на набљудувачите.

Пилот-проектот на Коалицијата “Имплементација на меѓународните стандарди за правично судење во домашните судови и проценка за функционирање на судството во Република Македонија” беше реализиран од април до септември 2003 година со финансиска помош на Канадската агенција за меѓународен развој (ЦИДА) и под надзор на Одделот за владеење на правото на Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје.

По успешното завршување на пилот-проектот, процесот на набљудување на граѓански и кривични предмети континуирано продолжи и ќе трае до јули 2004 год.

На почетокот на мај 2003 година беше изготвена работната верзија на "Прирачникот за набљудување на судења" од страна на тимот од правни експерти, која послужи како основа за обука на 108 адвокати, правници, студенти на правен факултет - активисти од областа на човековите права.

Покрај Прирачникот беа изработени и пра{алници за набљудување на граѓанските и кривичните предмети кои послужија како инструмент за прибирање на непристрасни и вистинити информации за имплементацијата на меѓународните стандарди за правично судење во праксата на домашните судови.

Од 15 до 18 и од 22 до 25 мај 2003 год. се одржаа два семинари за обука на набљудувачи за следење на судските процеси. Предавачи беа врвни домашни и меѓународни експерти кои се осврнаа на теоретските и практичните аспекти на набљудувањето на судењата.

Во јуни по добиената поддршка од Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија и Министерсвото за правда, беа известени претседателите на сите основни судови во Македонија, а преку нив и сите судии за присуството на набљудувачите во судниците.

Од почетокот на јули во сите основни судови во Р. Македонија, 108 набљудувачи го започнаа следењето на судските процеси.

Изготвен е "Правилник за однесување" и истиот е свечено потпишан и прифатен од страна на сите набљудувачи на Коалицијата.

На 19 декември 2003 издадена е финалната верзија на "Прирачникот за набљудување на судења" на македонски и албански јазик.

На 17 и 24 јануари организиран е продолжителен тренинг на кој набљудувачите се запознаа со првичните резултати од набљудувачкиот процес и со модифицираните прашалници за набљудување на кривични и граѓански предмети.

Прибраните непристрасни податоци за граѓанските и кривични набљудувани предмети од прашалниците се систематизираа во дата-база изработена со цел овозможување на понатамошна анализа од страна на тимот на правни експерти.

Јавноста е информирана за активностите на Коалицијата и за меѓународните стандарди за правично судење преку памфлети, прес-конференција, извештаите за предмети избрани од страна на Коалицијата како предмети од посебен интерес и веб-страницата на Коалицијата: www.all4fairtrials.org.mk

Коалицијата при реализација на своите активности соработува со Правниот факултет "Јустинијан I"од Скопје и Правниот факултет при Универзитетот на Југоисточна Европа преку програмата за обука на студенти за меѓународните стандарди за правично судење.

# *3. Методологија, временска рамка и теми*

## Методологија

Периодичниот извештај на Коалицијата претставува резултат на анализа направена врз основа на прибавените податоци во прашалниците за набљудување на кривичните и граѓанските предмети, односно врз основа на податоците добиени со обработката од дата-базата, како и на извештаите направени од страна на локалните правни експерти, извештаи на локалните координатори и разговори со набљудувачите.

Основен метод на реализација на проектот и поставените цели и задачи е: **методот на набљудување** на процесите што се остваруваат пред основните судови на Република Македонија.

Согласно темите избрани од страна на членките на Коалицијата како теми од посебен интерес, изборот на предмети го врши локалниот координатор кој доставува месечен “Предлог на предмети за следење” во односниот регион за кој е надлежен, до Националната канцеларија на Коалицијата во Скопје. По одобрување на истиот од страна на проект-менаџерот, локалниот координатор изготвува распоред на тимови составени од двајца набљудувачи по предмети и истите ги информира за судењето кое треба да се набљудува.

Селекцијата на предмети, односно прибавување на податоци за истите во различни фази од проектот и во различни региони се одвива на различен начин:

- по принцип на случаен избор од страна на набљудувачите-својствено само во јули 2003 год. кога соработката со судската администрација се одвиваше на почетно ниво;
- преку добивање листа на насрочени предмети од страна на судската администрацијата;
- преку добивање на податоци од претседателите на судовите;
- преку добивање податоци за предмети од страна на судиите-директен контакт со нив;
- преку избор на предмети од страна на локалниот координатор во судската писарница во соработка со администрацијата;
- мошне ретко, преку добивање на податоци од странки, доколку нивниот предмет е во темите од интерес на Коалицијата.

Набљудувачите по извршеното набљудување врз основа на податоците за предметот прибавени од рочиштето, како и врз основа на податоци добиени од страна на локалниот координатор, вршат пополнување на **прашалник** за набљудување на граѓански или кривичен предмет во зависност од природата на постапката која ја следеле. Истиот, потпишан, се доставува до локалниот координатор кој го задржува оригиналниот примерок за сопствена евиденција, додека копија испраќа до Националната канцеларија на Коалицијата.

Сите податоци за набљудуваните предмети се внесуваат во посебно изготвена, согласно прашалниците за набљудување, **дата-база** која овозможува понатамошно вкрстување и систематизација на податоци.

Локалните правни експерти на месечна база изготвуваат **извештаи** врз основа на анализите направени на прашалниците од регионот којшто го покриваат и врз основа на информациите добиени низ комуникацијата со набљудувачите. Овие извештаи претставуваат составен дел на месечните извештаи кои ги изготвуваат локалните координатори за потребите на Коалицијата.

Сите инволвирани актери во процесот на набљудување на граѓанските и кривичните предмети се обврзани да го почитуваат начелото на доверливост на податоците до кое се доаѓа при реализација на обврските.

Согласно “Правилникот за однесување на набљудувачите”, непочитување на ова начело доведува до исклучување од набљудувањето на Коалицијата.

Периодичниот извештај на Коалицијата "Сите за правично судење" е изготвен врз основа на анализите направени од страна на проф. д-р Љупчо Арнаудовски, во доменот на кривичната материја и проф. д-р. Арсен Јаневски, во областа на граѓанската постапка.

## Временска рамка

Во периодот од јули 2003 год. до 31.01.2004 год. набљудувани се вкупно 509 рочишта од кривичната и 480 рочишта од граѓанската област.

**Кривични предмети**




Приказ на број на набљудувани рочишта во кривичната област по месеци и основни судови во Р. Македонија

## Граѓански предмети




Приказ на број на набљудувани рочишта во граѓанската област по месеци и основни судови во Р. Македонија

## Теми

Како теми од посебен интерес за Коалицијата во кривичната област се избрани:

- Трговија со луѓе, семејно насилство
- Деца и млади
- Корупција, сопственост и трудово право
- Прекршување на човекови права и полициска злоупотреба

Застапеноста на различните видови кривични дела во предметите набљудувани од Коалицијата е прикажана во наредните 2 табели.[2]




[2] Види прилог 1 за детаљната листа на набљудуваните кривични дела.

ГЛАВА 1




Застапеноста на кривични дела во набљудуваните предмети по месеци (претставени според член од КЗ)

Предмет на интерес на набљудување од граѓанската материја се:

- Предмети од семејното право (брачни спорови,патернитетни и матернитетни спорови, спорови за издршка на деца и на брачниот другар, чување и воспитување на деца и спорови за разрешување на имотните односи на брачните другари)
- Предмети од граѓанското право (сопственички спорови, спорови во врска со право на службеност и владение, спорови за надомест на штета, должничко-доверителски спорови, стопански спорови)
- Спорови од работен однос.




Приказ на правниот основ во набљудуваните граѓански предмети по месеци.

# 4. Право на еднаквост пред судот и законите

ГЛАВА 2

Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви (член 9, став 2 од Уставот на Република Македонија). Оваа уставна норма е конкретизирана во Законот за судовите. Имено, во членот 7 од Законот за судовите се утврдени неколку начела и тоа: секој има право на еднаков пристап пред судовите во заштитата на неговите права и правно заснованите интереси; секој има право на законито, непристрасно, чесно и во разумен рок судење; никому не може да му биде ограничен пристапот пред судовите поради недостиг на материјални средства. Наведените начела се и стандарди предвидени во меѓународни документи[3] кои се ратификувани од страна на Собранието на Република Македонија и претставуваат составен дел на нашето законодавство.

*... Сите луѓе се еднакви пред законот и на сите им припаѓа, без никаква дискриминација, еднаква заштита со закон.*

*чл. 7 од Универзална декларација за човекови права*

*... Сите лица се еднакви пред законот и имаат право без никаква дискриминација на подеднаква заштита пред законот. Во таа смисла законот мора да ја забранува секоја дискриминација и да им осигура на сите лица подеднаква и успешна заштита против секоја дискриминација, особено во поглед на расата, бојата, полот, јазикот, верата, политичкото или друго убедување, националното или социјалното потекло, имотната состојба, раѓањето или секоја друга состојба.*

*чл. 26 од Меѓународен пакт за граѓанските и политичките права*

За остварување на горенаведените начела - стандарди, во законите за судските постапки се предвидени норми преку кои може да се обезбеди нивното остварување. Во која мера се остваруваат овие начела во судската практика треба да покаже истражувањето спроведено преку овој проект.

[3] чл.14 од Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи
Гаранцијата за еднаквост опфаќа повеќе аспекти:
- Право на еднаквост пред законот
- Право на еднаквост пред судовите
- Право на еднаков пристап до судовите
- Право на еднаков третман пред судовите

## Граѓанска постапка

Бидејќи давањето на судска заштита  по правило не е бесплатно странката, која поради нејзината лоша материјална состојба не е во можност да ги поднесе трошоците без штета за нејзината нужна издршка и издршката на нејзиното семејство, може да бара ослободување од плаќање на трошоците на постапката.

Ослободувањето од плаќање на трошоците на постапката опфаќа ослободување од плаќање на такси и ослободување од плаќање аванс за трошоците на сведоците, вештаците, за увид и за судски огласи. Ослободувањето од плаќање на трошоци на постапката може да опфаќа и ослободување од плаќање на издатоци во врска со застапување и ослободување од плаќање на награда за полномошникот.

Со оглед на големиот број на невработени лица во нашата земја,  нужно се наметна прашањето во колкав обем се користи т.н. сиромашко право од страна на странките.

Од добиените одговори при набљудувањето на 480 рочишта во 3,5% е побарано ослободување од плаќање на судските такси и другите трошоци во постапката.



Дополнителното истражување треба да даде одговор на прашањето дали малиот број на предмети во кои некоја од странките побарала да биде ослободена од плаќање на судските такси и другите трошоци во постапката е резултат на неинформираноста на граѓаните за ова право, или поради фактот дека ова право е многу рестриктивно поставено (строги се условите за користење на ова право).

Во директна врска со правото на пристап пред судот е плаќањето на судските такси. Бидејќи парничните странки многу често не ги почитуваа прописите за плаќање на судските такси, односно странките не ги плаќаа навремено судските такси па државата беше приморана да води постапка за присилна наплата на истите, со донесувањето на ЗПП  се предвиде одредба според која судот нема да постапува по тужба ниту да преземе друго дејствие за кои не е платена судската такса [4].

При истражувањето посебно се водеше сметка за ова прашање затоа што доколку се покаже дека некој нема средства да ги плати судските такси, тужбата нема да биде земена во работа, а со тоа судот станува недостапен за странките, при што се доведува во прашање еден важен принцип , а тоа е правото на пристап пред суд.

Од 480 рочишта кои беа набљудувани во 54 % судските такси се платени навремено. Во 24% странките не ги платиле судските такси, и во 22 % нема одговор на поставеното прашање.




Од наведеното се наметнува заклучокот  дека во најголем број на случаи странките навремено ги плаќаат судските такси (знаејќи дека ако не ги платат на време судот нема да го земе предметот во работа), но исто така не е за занемарување и податокот дека во 24,2% судските такси не се платени на време и дека во тие случаи државата треба  да преземе присилни мерки за наплата на истите. Важно е да се напомене дека неплаќањето на судските такси (24,2%) не е последица на немањето на средства за нивно плаќање. Дека е тоа така говори фактот што странките уште со преземањето на парничното дејствие, за кое е

[4] член 141, став 2 од ЗПП

предвидено да се плати судска такса, имаат можност да бараат ослободување од плаќање на истата, а странките го побарале тоа само во 3,5 % од случаите.

Најчесто тужителот е тој кој ги плаќа, односно ги авансира судските такси, затоа што со тужбата се поведува постапката, па ако не ја плати судската такса судот нема да постапува по тужбата с# додека тужителот не ја плати судската такса доброволно или истата не биде наплатена присилно.

Процентот од 54,2% навремено платени судски такси укажува и на тоа дека одредбата од ЗПП (член 141, став 2), според која судот нема да постапува по тужба ниту да презема друго дејствие за кои не е платена судската такса, е добро решение и е на линија да ги дисциплинира странките во извршувањето на нивните обврски, а со тоа не се доведува во прашање правото на странките на пристап до суд.

**Заклучок:**

- Одредбата од ЗПП (член 141, став 2), според која судот нема да постапува по тужба ниту да презема друго дејствие за кои не е платена судската такса, е добро решение и е на линија да ги дисциплинира странките во извршувањето на нивните обврски.



## *5. Право на судење пред надлежен, независен, непристрасен и со закон заснован суд*

*... При одлучувањето за обвинение за кривично дело или за неговите граѓански права и обврски, секој има право на правична и јавна расправа пред компетентен, независен и непристрасен суд заснован со закон...*

*чл. 6(1) од Европска конвенција за заштита на човекови права и слободи*

*... Секој има право на правична и јавна расправа пред независен и непристрасен суд, при одлучување за неговите права и обврски, како и кривично обвинение...*

*чл. 10 од Универзална декларација*

Едно од клучните прашања за остварување на непристрасно и чесно судење преку што се остварува и начелото на еднаквост на граѓаните пред законот и судовите е прашањето за **составот на судот**, односно начинот на неговото формирање. Согласно член 103, став 1 од Уставот на Република Македонија судот суди во совет. Со закон се утврдува кога суди судија-поединец (член 103, став 2 од Уставот на РМ). Во судењето учествуваат и судии-поротници кога тоа е утврдено со закон (член 103, став 3 од Уставот на РМ).

### Кривична постапка

Според нашиот Закон за кривичната постапка (чл. 22) во зависност од тежината на кривичното дело судат судии-поединци за полесни кривични дела, совет во состав од три члена (еден професионален судија и двајца судии - поротници) за дела за кои е пропишана казна затвор во траење подолго од 3 години и судски совет од пет члена (во состав од двајца професионални

судии и тројца судии -поротници) надлежен да постапува за кривични дела за кои со закон е пропишана казна затвор во траење од 15 години или казна доживотен затвор. Врз основа на добиените податоци од набљудувањето може да се заклучи дека судските совети биле составени правилно, дека составот на судските совети одговара на тежината на криминалитетот како што го утврдивме, дека најчесто суди совет од три члена и дека е високо учеството на предметите во кои суди судија-поединец.




Од податоците добиени од вкупно 422 пополнети прашалници (што претставуваат 82,9% од вкупниот број прашалници), произлегува дека советите во состав од петмина суделе во 36 случаи, совети од тројца судии (кои најчесто суделе за разбојништва, тешки кражби и даночно затајување) суделе во вкупно 206 случаи, додека пак судијата-поединец ја водел постапката во вкупно 171 случај.

Судскиот совет, согласно видовите и тежината на кривичните дела, може да се констатира дека бил правилно составен и во тој поглед не се забележани никакви повреди на законот.



Во реализација на начелото на еднаквост пред судот и почитување на начелото на законитост, вклучувајќи ја и непристрасноста на судиите, од особено значење се правилата со кои се одредува начинот на распоредување на предметите меѓу судиите со цел да се одбегне секаков елемент на пристрасност, заинтересираност и влијание на судијата во решавање на предметот (т.н. право на природен судија).

Во Р. Македонија ова прашање е регулирано со Судскиот деловник и според него, распоредот на предмети се врши според бројки за секој судија со годишниот распоред за работа на судиите. Ова беше изградена пракса што со години функционираше во судовите.

Значењето на ова правило се гледа во фактот што според меѓународните стандарди непочитувањето на начелото на непристрасност и отстранувањето на секаков елемент на заинтересираност во добивањето на предмети за работа од страна на судиите, односно неговото нарушување, е основ за разрешување на судијата.

Во текот на реализацијата на проектот се дојде до информации според кои: постои бројка за секој судија, но исклучително се случува распоред на предметите меѓу судиите да врши претседателот на судот или судиите влијаат врз судската администрација или одбиваат потешки предмети што според бројката им припаѓаат.

Земено во целина, во иднина треба да се посвети поголемо внимание за доследна примена на методот што ќе обезбеди да се отстрани секаква пристрасност во изборот и распоредот на предмети за работа меѓу судиите. Во врска со ова прашање од посебно значење е да се постават цврсти правила на постапување со предметите од страна на судската администрација (писарницата) и висока дисциплина и одговорност на службениците што работат во нив, честа контрола на работата од страна на претседателот на судот и одговорниот на писарницата.

Регистрирани се примери адвокати да влегуваат во писарницата, да прегледуваат предмети надвор од правилата на судската постапка, да исчезнуваат списи од предметите и сл. Ова е прашање што заслужува внимание. Компјутерската обработка, односно обезбедување на систем на заштита на податоците треба да го разреши овој проблем.[5]

Организираноста на судската администрација, просторните и техничките можности, односот на број на предмети и број на вработен персонал, се фактори кои влијаат на должината и квалитетот на постапката[6].

**Поради пропуст на судската писарница тужителот во граѓански предмет во Основниот суд Скопје 1, набљудуван на 01.09.2003 год., не добил поднесок од тужениот што резултирало со одлагање на расправата.**

Од добиените податоци од набљудувачите во однос на непристрасноста на судот произлегува дека впечатокот за пристрасност е исклучок. Имено, од вкупно 295 прашалника само во 7 случаи е констатирано дека кај набљудувачите се јавиле сомневања во однос на пристрасноста на судот.

Барањето за **изземање на судија, односно судија-поротник** е едно од прашањата преку кое се добива претстава за довербата, односно недовербата на странките во судот (судскиот совет, односно судијата-поединец). Од достапните податоци произлегува дека само во 6 кривични случаи (1,2%) било побарано изземање на судија поротник. Во случаите кога е побарано изземање, претседателот на судот експедитивно ги решавал случаите и по правило ги отфрлал, бидејќи барањата не биле поткрепени со аргументи со кои се докажува необјективност и пристрасност на судијата (или поротник) во согласност со чл. 36 од ЗКП.

При процесот на набљудување на кривични предмети утврдено е присуство на појавата (особено кај бранителите) да се бара изземање на судиите со цел за одолговлекување на постапката.

Позитивно е што поднесувањето на ова барање не е честа појава.

**Заклучок:**

- Судовите во кривичните предмети судат во границите на својата стварна надлежност определена со закон. Судските совети се правилно составени согласно тежината на кривичното дело.
- Во исклучителни ситуации одредбите од Судскиот деловник за распределба на предметите на судиите не се почитуваат, со што се доведува во прашање начелото на непристрасност.
- Започнатиот процес на компјутерска модернизација ќе овозможи поголема експедитивност и ефикасност во функционирање на судството
- Мошне ретко, барањето за изземање на судиите се користи како средство за одолговлекување на постапката, најчесто од страна на бранителите. По тие барања судиите (судовите) постапуваат по правило.

## Граѓанска постапка

Исто така, според Законот за парничната постапка (во натамошниот текст ЗПП) судовите судат во совет, а Врховниот суд на Република Македонија и во општа седница (член 35, став 1 од ЗПП). Во кои случаи суди судија поединец е определено со ЗПП (член 35, став 2 од ЗПП).

[5] Согласно истражувањата на *ABA/CEELI, (American Bar Association's Central and East European Law Initiative)* на проблемот - недостиг на компјутерска опрема во судовите во Р. Македонија, во последните неколку години му се посвети многу внимание. Имено со издвојување на 2,5 милиони $ од буџетот во 2002 се задоволија 40 % од потребите на судовите за комјутерска опрема. ЕАР (Европската агенција за реконструкција), планира да инвестира 4,5 милиони ЕУР, со што ќе се покријат останатите 60% од потребите на судовите.
На 12.02.2004 год. од страна на ЕАР беа доставени 320 компјутери (печатачи и др. опрема) до Врховниот суд на РМ, канцеларијата на ЈО, Затворската администрација и во сите основни судови, во вредност од 600,000 ЕУР. Во најскоро време, се планира инсталирање на опрема во вредност од 1,3 милиони ЕУР, со цел да се подобри ефикасноста на судството и комуникацијата помеѓу различни судови.

[6] Види Глава 3

Во прв степен споровите ги суди совет или судија-поединец. Кога суди во прв степен, советот е составен од еден судија кој е и претседател на советот и од двајца судии-поротници (член 36 од ЗПП). Судија-поединец суди спорови за имотноправни барања кога вредноста на предметот на спорот не надминува 300.000 денари (член 37, став 1 од ЗПП), а во стопанските спорови 600.000 денари (член 466 од ЗПП). Во текот на постапката странките можат да се спогодат имотноправните спорови да ги суди судија поединец, без оглед на вредноста на спорот (член 37, став 2 од ЗПП). Во ЗПП се предвидени и други случаи кога суди судија-поединец.

Од вкупно набљудувани 480 граѓански рочишта во 195 или во проценти 40,6% споровите ги судел судија-поединец, а во 198 рочишта или во проценти 41,3% судел судски совет составен од еден судија и двајца судии-поротници.




Врз основа на вака добиените податоци од набљудувачите може да се заклучи дека скоро подеднакво споровите ги суделе судија-поединец и судски совет.

Меѓутоа, ако се имаат предвид податоците за вредноста на споровите кои биле набљудувани (до 30.000 денари 77 случаи (16%), од 30.001 -100.000 ден. 131случај (27,3%), од 100.001- 500.000 ден. 36 случаи(7,5%), од 500.001-1.000.000 ден. 7 случаи (1,5%), од 1.000.001-10.000.000 ден. 10 случаи (2,1%), од 50.000.001-100.000.000 ден. 2 случаи (0,4%), од 100.000.001-1.000.000.000 ден. 7 случаи (1,5%), над 1.000.000.000 ден. 1 случај (0,2%), и неопределена вредност во 107 случаи (22,3%), а нема податоци за вредноста на 102 случаи (21,3 %), тоа укажува дека странките не ја користеле или многу малку ја користеле можноста да им суди судија-поединец во имотните спорови и во случаите кога за судење е надлежен судски совет.

Набљудуваните 480 рочишта во граѓанската постапка се премалку за да може да се формира став дали треба да се преземаат активности за промени во насока на зголемување на надлежностите на судијата-поединец, односно премалку за да се преиспита улогата на судиите-поротници во постапката. Иако веќе може од набљудувањата да се констатира дека постои преголема пасивност и незаинтересираност на судиите поротници[7] за време на судскиот процес.

**На судењето од 04.07.2003 год. во Основниот суд Скопје 1, во граѓанска постапка еден од судиите поротници два пати ја напуштил судницата за времетраењето на главната расправа.**

**На 10.07.2003 год. во текот на расправа во Основен суд Скопје 1 еден судија-поротник подзаспал.**

[7] Уште во 1789 година, Француската буржоаска револуција го воведува принципот за учество на судии-поротници, кој претставува универзален политички постулат. Денес, тој има карактер на уставен принцип во сите европски држави.
Во англосаксонскиот систем, поротата (Jure) одлучува за вината на обвинетиот. Во случај да го прогласат обвинетиот за невин, судијата (the court) го ослободува. Негова функција е примена на правната норма.
Во континенталниот систем, постојат судови од мешан тип, односно во ист судски совет се одлучува и за вината и за казната на сторителот. Во однос на составот, поротниците имаат апсолутно мнозинство во однос на професионалните судии (1+2; 2+3, во Франција има 3+9). Формално, во поглед на одлучувањето не постои разлика меѓу судиите-поротници и професионалните судии.
Во нашиот судски систем не е предвидена квалификувана порота. Критериуми за избор се: полнолетство, државјанство, способност за вршење на судската должност, неосудуваност.

Ваквото однесување на судиите поротници е регистрирано во повеќе наврати.

**Приказ на вредноста на предметите на спорот**




Составот на судот зависи и од вредноста на предметот на спорот. Ако се имаат предвид изнесените податоци за вредноста на предметот на спорот, изненадува бројот на предметите во кои вредноста на предметот на спорот е неопределена, од 480 набљудувани рочишта 107 се со неопределена вредност или 22,3% и за 102 случаи нема никаков податок за нивната вредност (21,3%) . Податокот дека 107 прашалника се со неопределена вредност од своја страна укажува дека странките одат кон тоа во прв момент да го избегнат плаќањето на судските такси, плаќајќи при поднесување на тужбата еден мал паушален износ с# до оној момент додека не реагира судот по службена должност да ја утврди вредноста на предметот на спорот која во тужбата е прениско одредена со цел да се избегне првичното плаќање на судските такси со цел судот да го земе предметот во работа. За високиот процент на предмети во кои вредноста на предметот на спорот не е определена треба да им се укаже на судовите за соодветна и доследна примена на законските прописи, затоа што тоа може да доведе до сериозни злоупотреби во поглед на плаќањето на судските такси.

Целта на барањето за изземање на судија , односно судија-поротник е да се отстранат сите сомневања во пристрасноста на судијата, односно на странките да им суди непристрасен суд. Во одговорите во прашалниците според добиените податоци од 480 рочишта изземање на судија, односно судија-поротник побарано е во 25 или 5,2% , а во 237 случаи не е барано изземање или 49,4%.

Од горенаведените податоци може да се забележи дека генерално странките имаа доверба во судскиот состав, односно судијата поединец кој го суди предметот. Значи, барањето за изземање не е многу често користено, што во секој случај е добро.

Индивидуални случаи покажуваат дека странките во граѓанските предмети понекогаш го користат изземањето и кога за тоа немаат основани причини, со цел да ја одолговлечат постапката.

**Заклучок:**

- Странките не ја користеле или многу малку ја користеле можноста да им суди судија-поединец во имотните спорови во случаите кога за судење е надлежен и судски совет.
- Постои преголема пасивност на судиите-поротници за време на судскиот процес.
- Судовите биле правилно составени.
- Странките одат кон тоа во прв момент да го избегнат плаќањето на судските такси, плаќајќи при поднесување на тужбата еден мал паушален износ с# до оној момент додека не реагира судот по службена должност да ја утврди вредноста на предметот на спорот.
- Барањето за изземање на судија, односно судија-поротник ретко се употребува во граѓанската постапка.

**Препораки:**

1. Стекнатите искуства од реализацијата на истражувањето во распределбата на предметите во судовите помеѓу судиите н# упатуваат на сознанието дека ова прашање во иднина треба да биде регулирано не со Судскиот деловник, туку со закон или друг правен акт од повисок степен.
2. Во иднина би требало да се размислува за унапредување и поблиско одредување на постапката за избор на судиите поротници и поблиско одредување на нивните способности и квалификации за судии-поротници.

## *6. Право на правично судење*

Централно прашање во работата на судовите и во остварување на нивните надлежности во областа на заштитата на слободите и правата на човекот е да обезбедат правично судење[8]. Правичноста на судењето се утврдува и оценува по правило низ секоја постапка на судот од почетокот, од првиот контакт со обвинетотот лице, па сé до правосилноста на пресудата.



## *7. Еднаквост на средствата*

Еден од начините преку кои се верификува стандардот "еднаквост на средствата" е можноста за ***предлагање на докази*** од страна на обвинетиот и неговиот бранител во текот на постапката.

Од набљудуваните предмети доаѓаме до сознание дека во 101 случај, што претставуваат 49,3% случаи, одбраната предлагала нови докази, а судовите во 39 случаи, односно 72,2% ги прифатиле предлозите за нови докази. Податоците во суштина покажуваат дека судовите се однесуваат со голем респект кон обвинетите, т.е. бранителите и нивните предлози. Врз основа на набљудуваните предмети, набљудувачите успеале да изградат сопствен став кон можноста на одбраната на чесен начин да ја изврши својата задача и можностите што ги пружил судот.

Најчесто бранителите ја користат можноста да предлагаат нови сведоци и нивно сослушување, поретко и нови материјални докази.

Во однос на гаранцијата која бара обвинетиот и неговиот бранител да имаат ***доволно време за подготовка на одбраната*** интересни се податоците во однос на времето што минало од добивање на поканата до одржување на главниот претрес. Имено, од вкупно пополнети 147 прашалници, во 21 случај, односно 14,3% минале само 3 дена, во 20 случаи, односно 13,6% минале 8 дена, во 35 случаи, односно 23,8% минале 15 дена, а дури во 71 случај, односно 48,3% минале подолго од 15 дена. Овие податоци се индикативни со оглед на гаранцијата содржана во ЗКП според која судот мора да внимава од доставувањето на поканата до одржувањето на главниот

[8] Правото на правично судење во кривичната постапка е определено со повеќе конкретни права како што е:
- Пресумпција на невиност
- Право на судење во разумен рок
- Доволно можности за подготвување на одбраната
- Право да се брани сам или со помош на бранител
- Право да повикува и испитува сведоци
- Забрана на ретроактивно дејство на законите (Amnesty International Fair Trials Manual)

претрес да минат најмалку 8 дена, рок којшто е оценет како разумен за подготвување на одбраната. Оттука, загрижува фактот дека има случаи каде што овој рок не се почитувал, па минале само 3 дена до одржување на главниот претрес ( а не станува збор за скратена постапка). Од друга страна, се забележува дека поради преоптовареноста на судовите со предмети речиси во половина од случаите (48,3%) минале повеќе од 15 дена.

**Заклучок:**

- Судиите (судовите) ги прифаќаат предлозите на обвинетите лица и нивните бранители за изведување докази, со што им се даваат еднакви шанси да ја изнесуваат својата одбрана.
- Најчесто бранителите ја користат можноста да предлагаат нови сведоци и нивно сослушување, поретко и нови материјални докази.

## *8. Право да се биде присутен на судењето*

***Судењето во отсуство*** е можно само како исклучок на предлог од тужителот кога се исполнети пропишаните услови во ЗКП[9], но на обвинетиот на кој му се суди во отсуство мора да му биде определен бранител.

Од набљудуваните предмети во основните судови на територијата на Република Македониа, во 7 од нив на обвинетите им се суди во отсуство. Во два случаи постои само еден обвинет, додека во останатите 5 предмети обвинети се повеќе учесници во правењето на кривичното дело.

Во останатите предмети, од податоците на прашалниците за набљудување, се констатира дека само еден од сообвинетите (само во еден случај двајца) е во бегство, или недостапен на органите на кривичниот прогон, додека останатите обвинети се присутни на главниот претрес.

Од претходно наведеното може да се заклучи дека е ретка појавата на судења во отсуство на обвинетиот, а истото најчесто се спроведува кога има повеќе соизвршители[10].

Исто така, во случај на судење во отсуство на обвинетиот, правото на одбрана е задолжително. Тоа значи дека доколку обвинетиот не одбрал бранител по своја волја, судот задолжително треба да постави по службена должност. Во тој случај, присуството на бранителот е неопходна претпоставка за одржување на главниот претрес. Во претходно наведените случаи констатирано е дека тоа право е запазено, односно отсутните обвинети имале бранител во текот на постапката.

**Заклучок:**

- Мошне ретко се суди во отсуство на обвинетиот. Кога тоа се случува во прашање се предмети во кои се води постапка против повеќе обвинети лица.
- При сите судења на обвинети лица во отсуство од страна не бил поставен бранител.

[9] Според Законот за кривична постапка, само во два случаи на обвинетиот може да му се суди во отсуство, ако е во бегство или не е достапен на државните органи, а постојат особено важни причини да му се суди во отсуство (член 292/3 од ЗКП). Во спротивно, присуството на обвинетиот е неопходна претпоставка за одржување на главниот претрес.

[10] Согласно чл. 30 од ЗКП судот може да ја раздвои постапката доколку постојат важни причини за тоа или станува збор за целесообразност на истата.

# 9. Право на јавно судење

Принципот на јавност во нашата земја е уставен принцип кој подетално е нормиран во одредбите од ЗКП и ЗПП.

Јавноста се остварува:

а) со присуство на заинтересирани и незаинтересирани лица на главната расправа;[11]
б) со објавување на судските состави кои одлучуваат во одделни предмети;
в) со давање на известувања за текот на постапката на заинтересирани лица кои тоа го бараат; [12]
г) со овозможување на јавноста преку средствата за јавно информирање да се запознаат со текот на постапката;
д) со објавување на поважните судски одлуки преку печат и други средства за јавно комуницирање и др.

ГЛАВА 2

Јавноста во одредени случаи може да биде исклучена.

*...Јавноста може да биде исклучена од целиот тек на судењето или еден негов дел заради: заштита на интересите на моралот, јавен ред или национална сигурност во демократско општество, кади интересите на малолетникот или заштитата на приватниот живот на странките тоа го бараат или исклучителни согласно мислењето на судот околности кога интересите на правдата тоа го налагаат.*

*чл. 6 од Европска конвенција за заштита на човекови права и слободи*

## Кривична постапка

За исклучување на јавноста од судењето одлучува судот по своја иницијатива или на предлог на странките, во случаи предвидени во ЗКП.[13]

Овој принцип треба да овозможи увид и контрола на граѓаните врз судот и односи врз кои се гради довербата на граѓаните во судскиот систем.

[11] Во Основниот суд во Битола распоредот на предмети кои се судат не е поставен на видно место и за упатување на странките до одредена судница се користи судската полиција. Нема редослед на закажаните процеси на вратата на судницата . Во ист термин се закажуваат повеќе предмети, се прави гужва во судот додека странките чекаат да бидат повикани на одредено судење.

[12]На 02.09.2003 год. при обид за следење на кривичен предмет во Основниот суд Скопје 1 набљудувачите го регистрираа следново: "Точно во 12:30 чекавме пред судницата да ги повикаат странките. Во 12:35 излезе дактилографката и изговори име и презиме на една личност на која не се сеќаваме, меѓутоа не ја повика М. С., обвинета во постапката. Лицата кои влегоа во судницата, ја напуштија истата во 13:50. Во тој момент влеговме во судницата и го прашавме судијата зошто не биле повикани странките за судењето закажано во 12:30. Судијата ни одговори дека тоа судење само што завршило и дека странките биле повикани. Откако се претставивме и го информиравме судијата дека бевме пред судницата во 12:30 и дека обвинетата М. С. воопшто не била повикана, ни беше одговорено дека предметот има две обвинети, дека тие ја повикале само првообвинетата, додека повикувањето и на второобвинетата не било потребно и дека тоа се подразбирало".

[13] Судскиот совет може да ја исклучи јавноста од целиот главен претрес или еден негов дел, ако тоа е потребно заради чување на тајната, чување на јавниот ред, заштита на моралот, заштита на личниот и интимниот живот на оптужениот, сведокот или оштетениот и заштита на интересите на малолетникот. (чл. 280 од ЗКП на РМ)

Од 509 набљудувани рочишта, само во 3 случаи делумно или потполно била исклучена јавноста со одлука на судот.

**Во кривичен предмет, следен во Основниот суд во Кичево на 17.09.2003 год. и на 08.12.2004 год. причина за исклучување на јавноста е заштита на интересите на малолетникот, што е во согласност со чл. 467, ст. 1 од ЗКП.**

Анализите покажуваат дека судот донел одлука за исклучување на јавноста согласно одредбите на законот во сите три регистрирани случаи.

Односот на судиите кон набљудувачите, претставува воедно и однос на судството кон јавноста.

Со мали исклучоци, проблеми за влез на набљудувачите во судниците не се појавија.

**На 22.09.2003 во Основниот суд Скопје 1 Скопје, при обид за набљудување на предмет во врска со кривично дело: Земање заложници од чл. 421 од КЗ, на набљудувачите не им бил одобрен влез во судницата од страна на судијата со образложение дека нема известување од страна на претседателот на судот за постоењето на Коалицијата.**

**При обидот за следење на кривичен предмет пред Основниот суд во Битола на 29.10.2003 год. во 8:30 часот, на набљудувачите им било кажано од страна на предметниот судија да почекаат во ходникот додека не бидат повикани. Рочиштето завршило, набљудувачите не биле повикани, со што било оневозможено следењето на конкретниот предмет.**

Овие два примери како и неколку други, регистрирани при набљудувањето спроведено во сите основни судови, за недозволување на присуство на набљудувачи на судењата како и барање на посебно одобрение од страна на претседателот на судот, претставува прекршување на начелото на јавност. Имено, пристапот во судницата може да се ограничи само со одлука за исклучување на јавноста која ја донесува советот со решение кое мора да биде образложено и јавно објавено, во исклучителни околности одредени со закон. Во спротивно, слободен е влезот на сите заинтересирани лица, било да се инволвирани во постапката или не.

Значаен дел од јавноста во работата на судот е **објавувањето на пресудата** од страна на судот. Објавувањето на пресудата по завршувањето на главниот претрес (судењето) е елемент кој зборува за професионалноста на судот, за неговата сигурност во оценката на фактите и во донесувањето на својата одлука, почитување на достоинството на обвинетиот и другите учесници во постапката. Набљудувачите присуствувале на 64 случаи кога била објавена пресуда.

Во однос на моментот кога била објавена пресудата, од вкупно 58 пополнети прашалници од 509, произлегува дека во 50 случаи или 86,2% пресудата била објавена веднаш по завршувањето на главниот претрес, додека на останатите модалитети - по 3 дена, по 8 дена или повеќе од 90 дена отпаѓаат незначителни 8 случаи или 13,8%.

Во врска со прашањето кога објавената пресуда била доставена до странките постојат податоци само во 22 прашалника. Од нив произлегува дека во 9 случаи или 40,9% пресудата е доставена веднаш, во 6 случаи или 27,3% била доставена во рок од 8 дена, а само во 3 случаи доставувањето на пресудата било извршено во рок од 30 дена.

Ако како позитивен факт може да се оцени оној што зборува за објавувањето на пресудата, постоењето случаи кај кои доставувањето на пресудата било извршено по истекот на 30 дена од објавувањето значи непочитување на законските рокови кога се во прашање овие конкретни процесни дејствија.

**Заклучок:**

- Правото на јавно судење е имплементирано во најголем број од набљудуваните случаи. Кога јавноста била исклучена судот правилно донесол одлука согласно одредбите на законот.
- Исклучителните случаи на недозволување на пристап на набљудувачи во судниците или барање на посебно одобрение од страна на претседателот на судот за одобрување на нивното присуство, претставуваат прекршување на начелото на јавност.
- Во некои од основните судови евидентно е постоење на неразвиен систем на информираност на граѓаните за предметите коишто се судат.
- Непостоење на план за закажани предмети кај односен судија за конкретен ден, неповикување на странки за тековен процес, се појави кои говорат за потребата од поквалитетна организациска поставеност на судовите во поглед на информирање на граѓаните.



## Граѓанска постапка

Иако облиците преку кои се остварува јавноста можат да бидат различни, сепак во најголем број на случаи јавноста се остварува преку главната расправа. Од вкупно 480 набљудувани рочишта во 86,5% главната расправа била јавна, а во 2,5 % јавноста на главната расправа била исклучена. Вака малиот број на случаи (само 12 од 480)[14] во кои била исклучена јавноста се должи на фактот што многу е мал бројот на предметите што се набљудувани во кои по сила на законот е исклучена јавноста.

Во секој случај податоците добиени од истражувањето укажуваат дека принципот на јавност на главната расправа се почитува.

Вториот облик преку кој може да се оствари јавноста во судењето е **објавувањето на пресудата**.

Од 13 набљудувани случаи, во 10 пресудата била јавно соопштена на странките и на другите присутни, а во 3 случаи пресудата не им била соопштена.

Поради преголемиот број на незавршени предмети во прв степен, за овој сегмент од начелото на јавност останува заклучокот да се даде откако истите ќе завршат.

**Заклучоци:**

- Во сите регистрирани случаи на исклучување на јавноста постапено е во согласност со одредбите од ЗПП

**Препораки:**

3. Истакнување на броевите на предмети, за кои се води постапка, на јавно место во судот или во судницата во која се суди, треба да биде правило во сите судови во Р. Македонија. Изготвувањето на месечни планови за работата на секој судија и нивното објавување на јавни места (вклучувајќи го и одлагањето), без сомнение, ќе придонесе за зголемување на ажурноста, ефикасноста во работата на судовите и афирмација на начелото на јавност во нивната работа.

---

[14] Во сите 12 предмети станува збор за правен основ: развод на брак

# 10. Судење во разумен рок

## Кривична постапка

Колку постапката по кривичниот предмет трае покусо време, односно преземените дејствија од страна на органите на кривичниот прогон се поблиску до криминалниот настан, толку ефектите од кривичната постапка и од изречената казна се поголеми.

Благовременото, ефикасно завршување и водење на постапката е прашање на чување на интегритетот и достоинството на обвинетиот и сите други учесници во постапката. Одлучувањето на судот во разумен рок го заштитува човекот од непотребни малтретирања пред судот, создавање постојани напнатости, нервоза, неизвесност, несигурност во живеењето на човекот, без оглед во кое својство учествува во постапката[15].

Погоден елемент во оценка на принципот "Судење во разумен рок" ќе ни биде траењето на постапката во одделните фази како и почитувањето на законските рокови во преземањето на одделни процесни дејствија од страна на судот. Дисциплината на судот во однос на започнувањето на дејствието (судењето) во закажаното време е индикатор за дисциплината и ревноста со која судот ги презема процесните дејствија.

Од вкупно 442 пополнети прашалници во 230 случаи, односно во 52% претресот не траел повеќе од 30 мин.

Забележливо е дека во 63 случаи, односно 14,3 % претресот траел до 1 час, а во 53 случаи, односно 12% до 90 мин.




Се покажува како редовна појава судењата да не започнуваат во закажаното време (се доцни од 15 минути до 1 час), а потоа како доаѓа времето за започнување на наредните закажани судења, по правило оние што се закажани за подоцна, се одлагаат. Самиот факт дека судијата во еден работен ден закажал за решавање и до 10 судски предмети зборува негативно во две насоки: прво, судијата однапред смета на одлагање на одреден број предмети и второ, судијата својот предмет не го подготвил доволно и не доаѓа на судење со намера во тој ден и да го реши.

Често се случува и во исто време да бидат закажани повеќе судења.

Краткото траење на претресот под претпоставка и да заврши со пресуда, може да зборува за добар или сосема лош квалитет на обвинението и неговата поткрепеност со докази и добра

[15] **Правото на судење во разумен рок** значи дека постапката, уважувајќи го правото на обвинетиот на доволно време за подготвување на одбраната, мора да се одвива и пресудата мора да биде донесена без непотребно одлагање, односно во разумен рок. (чл. 14 од Меѓународна конвенција за граѓански и политички права, чл. 6 од Европската конвенција за заштита на човекови права и слободи, чл. 67 статутот на Меѓународниот кривичен суд).
Врз должината на судскиот процес влијаат повеќе фактори:
- сложеноста на случајот, односно природата на кривичното дело, бројот на обвиненија, број на обвинети, број на сведоци итн.,
- однесувањето на странките во спорот, односно (зло)употребата на правата зададени секако согласно законот,
- фактот дали обвинетиот/те се во притвор или не,
- однесувањето на судијата и судската администрација.

ГЛАВА 2

или лоша подготвеност на судењето. Но, овие податоци споредени со другите не говорат во прилог ни во една од претпоставките.

Ова може да се објасни само со однапред заземен став од судијата решението за сите проблеми во предметот да се бара во "одлагањето". Оваа состојба е опасна и негативно влијае врз професионалноста на судијата и неговата обврска да го реши предметот и преземе одговорност за сопствената одлука.

**Во Основниот суд во Велес од страна на набљудувачите е следен кривичен предмет кој се води за кр. дело: Даночно затајување (чл. 279, ст.2 во врска со ст.1 од КЗ). На 10.02.2004 год. по 44 одложени и одржани рочишќта, пресудата била прочитана од страна на судијата.**

**На ден 11.09.2003 година пред Основниот суд Скопје I, набљудуван е предмет кој се води за кривичното дело Поткуп согласно член 357/1 од КЗ. Истиот е одлаган вкупно 18 пати . Обвинителниот акт е поднесен во судот на ден 14.06.2000 година.**

**Во Основниот суд Скопје I, на ден 18.09.2003 година набљудувано е судење за кривично дело Поткуп, член 357/1 од КЗ, кое е одлагано вкупно 18 пати од приемот на обвинителниот акт во судот на ден 13.03.2000 година.**

**На ден 16.12.2003 година пред Основниот суд Скопје I,од страна на набљудувачите беше следен кривично правен предмет за кривично дело Поткуп, член 357/1 од КЗ. на кое рочиште Пресудата е донесена и објавена на 21. рочиште од приемот на обвинителниот акт во судот на ден 06.07.1999 година.**

**На ден 07.12.2003 година пред Основниот суд Скопје I, набљудуван е предметот кој се води за кривично дело Полов напад врз дете согласно член 188/1 од КЗ. Истиот е одлаган вкупно 29 пати од приемот на обвинителниот акт во судот на ден 24.06.1998 година. Постапката е во тек.**

Премногу честото одлагање на претресите, а со тоа и одолговлекувањето на постапката, упатува на сознанието дека судиите претходно недоволно ги проучуваат предметите, не работат на подготовката на претресите, не вршат претходни проверки во однос на доставата и известеноста на странките за претресот како и обезбеденоста на доказите што ќе бидат предмет на разгледување и оценка на самиот претрес.

Следејќи ги одделните фази на постапката, може да се констатира дека во периодот од поднесување на обвинението до судот до закажување на главниот претрес од вкупно пополнети 272 прашалника произлегува дека најмногу е застапен модалитетот - до 60 дена на кој отпаѓаат 72 случаи или 26,5% од вкупно анализираните, не повеќе од 30 дена минале во 46 случаи кои претставуваат 16,9% од вкупно анализираните случаи, а на трето место е модалитетот - до 12 месеци, кој внесува грижи во ефикасноста на работата на судот бидејќи на него отпаѓаат дури 41 случај, односно 15% од вкупно анализираните случаи.

Притоа, во Основниот суд во Велес најчесто овој рок се движел до една година, во Битола најчесто до првите 6 месеци, во Гостивар од 3 до 9 месеци, во Основниот суд во Прилеп најчесто до 30 месеци и основниот суд Скопје од 1 до 6 месеци. Овие податоци треба да се земат само

информативно и истите да се третираат како евентуални индикатори за натамошни истражувања по одделните судови во Македонија.

### Одлагање на претрес

Достапните податоци овозможуваат да се проанализираат **причините** поради кои биле одлагани рочиштата. Имено, од вкупно 141 пополнет прашалник во однос на ова прашање, најголем е бројот на одлагања по иницијатива на обвинетиот[16] – во 65 случаи кои претставуваат 46% од вкупно анализираните, на второ место се одлагањата поради однесувањето на другите учесници во постапката –во 40 случаи или 28,4%, а на трето место одлагање поради причини врзани за судот – во 16 случаи или 11,3%.

Овие податоци покажуваат дека честопати токму обвинетиот и неговиот бранител не се заинтересирани да ја остварат гаранцијата за судење во разумен рок во сопствена корист, па настојуваат да го одложат рочиштето и на тој начин да добијат повеќе време за подготвување на одбраната.

Согласно чл. 297, ст. 3 од ЗКП, ако одлагањето траело подолго од еден месец, главниот претрес мора одново да почне и сите докази да се изведат повторно.
Во праксата на домашните судови забележана е појавата презакажување на следното рочиште да се врши во временски интервал подолг од еден месец.

**Во кривичниот предмет кој се води пред Основниот суд Скопје 1 за дело Злоупотреба на службена должност-овластување, чл. 353 од КЗ дошло до повторно започнување на главниот претрес, бидејќи од 25.12.2003 истиот бил закажан за 03.02.2004.**

**Постапката која се води за кривично дело навлегување во компјутерски систем од чл. :251 од КЗ пред Основниот суд Скопје 1 е презакажана за 45 дена.**

Пречекорување на рокот за одложување на започнат главен претрес за време подолго од 30 дена доведува до непотребно одлагање на постапката.

**Вештачењето** во кривичните предмети има двојно влијание: позитивно–тоа на судијата му овозможува донесување објективна и правична одлука врз основа на точно утврдени факти; и негативно– постапката се одолговлекува со што може да се загрози принципот на судење во разумен рок.

Од вкупно набљудуваните рочишта (509) вештачење било наредено само во 59 случаи или 11,6% од случаите. Најчесто наредбите за вештачење се јавуваат кај кривичните дела против животот и телото, кај имотните кривични дела, загрозување на безбедноста на сообраќајот и тешките дела од областа на економскиот и финансискиот криминалитет.

Од податоците произлегува дека во 59% од случаите вештачењето е упатено до Заводот за вештачење, криминалистичките лаборатории на МВР вршеле вештачење во 20,5%, а приватни вештаци биле ангажирани во 12,8% од случаите.

[16] Обвинетиот не е обврзан да соработува во кривичната постапка. Неговото однесување со кое ја одолговлекува постапката мора да се земе предвид при проценката дали судот постапува во рамките на она што се нарекува "Разумно време".

Кон тврдењето дека вештачењата  и нивната реализација битно влијаат врз траењето на постапката се приклучува уште еден посреден податок – дали судот се погрижил вештачењето навреме да заврши.

Во најголем број од набљудуваните предмети воопшто немало ургенција до вештакот, во 6 случаи се ургирало и тоа во 3 случаи ургирал судот, а во останатите 3 случаи ургенцијата потекнала од странките.

Факт е дека е многу мал бројот на случаите каде што судот реагирал кај вештакот, односно институцијата што вршела вештачење, тоа побрзо да се заврши и да се достават наодите на вештото лице.

Вака малиот број на ургенции од страна на судот за забрзување на процесот може да се објасни или со недостиг од доволно средства да се платат овие услуги или едноставно бидејќи во ЗКП не постои утврден рок во однос на траењето на вештачењата, дури ниту инструктивен рок, па судиите не се чувствуваат повикани да упатуваат ургениции до установите или лицата кои вршат вештачење.

Набљудувањата говорат за потребата од создавање соодветна организација во Р. Македонија, обезбедување на финансиски средства и унапредување и развивање на лаборатории за спроведување на вештачења, бидејќи истите се најголема гаранција за објективно одлучување на судијата. Во Р. Македонија има огромен број на приватни вешти лица  кои вршат вештачења на барање на странки. Индициите кои водат кон сомнение во нивната објективност и професионалност се причина повеќе за појава на потреба од подобра и поквалитетна организираност и контрола во доменот на спроведување на вештачењата.



**Заклучок:**

- Судењата често не започнуваат во закажаното време.
- Судењата по правило траат доста кратко и често завршуваат со одлагање уште во фазата на заседание пред започнување на главниот претрес.
- Од поднесувањето на обвинението до закажувањето на главниот претрес најчесто поминува премногу време.
- Однесувањето на обвинетиот е најчеста причина за одлагањето на постапката.
- Пречекорување на максималниот рок за одложување на започнат главен  претрес за време подолго од 30 дена доведува до непотребно одлагање на постапката.
- Судијата ретко ургира за забрзување на реализација на вештачењето.

## Граѓанска постапка

Резултатите од спроведеното истражување (за периодот јуни 2003-јануари 2004) за прашањето колку време траела првостепената постапка се следни:

Во предметите за кои е донесена пресуда, временски постапката траела различно и тоа: за 3 предмети постапката траела 6 месеци, за 1 предмет постапката траела 9 месеци, за 1 предмет постапката траела 1 година, за еден предмет  18 месеци и за 1 предмет повеќе од три години.




Имајќи го предвид фактот дека имаме многу мал број на предмети за кои имаме податоци за времетраењето на постапката

(само 7 од 480) би било пожелно да се почека да завршат постапките по набљудуваните предмети, па во зависност од резултатите да се заземе соодветен став.

Исто така, важен фактор кој има влијание на времетраењето на постапката е уредната достава на странките.
Во 288 добиени одговори или 60% од вкупниот број на набљудувани случаи (480) во 80,2% доставата била уредна[17]. Овој процент укажува дека уредната достава има големо влијание на временското траење на постапката.

Важен фактор на времетраењето на постапките е и одлагањето на рочиштата. Резултатите на истражувањето покажуваат дека причините за одлагање на рочиштата се различни и тоа: по предлог на тужителот во 10 случаи или 2,1%, по предлог на тужениот во 8 случаи или 1,7%, поради недоаѓање на тужителот во 4 случаи или 0,8%, поради недоаѓање на тужениот во 28 случаи или 5,8%, поради недоаѓање на сведок во 11 случаи или 2,3%, поради недоаѓање на вештак во 4 случаи или 0,8%, од други причини во 122 случаи или 25,4%, поради недоаѓање на полномошниците на странките во 14 случаи или 2,9%, поради недостиг на докази во 29 случаи или 6,0%, поради отсуство на судијата во 5 случаи или 1%, а за 234 случаи нема податоци.

**Заклучок:**

- Уредната достава во граѓанските предмети има големо влијание на времетраењето на постапката, но сепак таа не е одлучувачка.
- Причините за одлагање на рочиштата се различни и барањата за одлагање се од различни субјекти.

**Препораки:**

4 Во методологијата на работа на судијата како и неговите стручни соработници и помагачи нужно е да стане пракса претресот претходно да биде подготвен, да се изврши проверка на сите дејствија што треба да овозможат процесот да започне и заврши успешно. На тој начин бројот на одлагањата на претресите, без сомнение, ќе се намали.

5 Бидејќи се покажува дека во предметите за кои судовите одлучуваат вештите наоди и мислења (вештачењата како доказ) имаат големо значење но едновремено се причина за одолговлекување на постапката, неопходно е да се изнајдат соодветни решенија за организација на институциите, службите и сервисите што вршат вештачење. Едновремено е неопходно да се обезбедат нужни финаниски средства во судскиот буџет или на друг начин, во делот на вештачењата. Ова од причина што во сегашната ситуација поради тоа што судовите не можат да ги платат трошоците (цената на вештачењата) не ги добиваат наодите и мислењата или не се одлучуваат да донесат наредба за вештачење.

[17] Во Основниот суд во Битола доставата се врши во пликоа преку внатрешен курир од судот сместен во холот на судската зграда. Во случај на службено отсуство на адвокатот истиот не може да биде информиран за доставата, бидејќи треба лично да оди во судската зграда за да ја подигне доставата. Пликото во кое се чуваат писмената за адвокатот е отворен и не е загарантирана тајната на писмената задржани во истото, бидејќи секој може да изврши увид во истите или, пак, што е чест случај, некој од колегите да изврши увид во писмената на некој друг колега. Овој проблем би бил надминат доколку би постоеле поштенски фахови во судските згради со клуч достапен единствено за адвокатот.

# 11. Правото на молчење

Правото на молчење[18] е најзначајна гаранција дека кон обвинетото лице нема да бидат применувани недопуштени, присилни методи за да се добие негов исказ или признание. Остварувањето на ова право е верификувано во две фази. Во првата фаза, дали обвинетото лице е запознаено со неговото право да се брани со молчење и во втората фаза, дали обвинетиот се користел со правото на молчење. Во 98,5% од вкупните рочишта обвинетите биле поучени за правото на молчење.

Сознанијата се однесуваат на претресот пред судот и затоа е и така висок процентот на запознавање со ова право. Како што е познато, примарно е обвинетите да се запознаат со ова право пред првото испитување (во полиција и пред истражен судија).

За нас затоа поинтересен е одговорот на прашањето: дали обвинетото лице го користело правото на молчење како начин на одбрана во постапката. Со испитувањето на достапните предмети доаѓаме до сознание дека само во 2,3% од вкупно анализираните случаи, обвинетото лице го користело правото на молчење.

**Заклучок:**

- Начелото на запознавање на обвинетиот со правото на молчење главно се почитува во постапката пред основните судови.
- Обвинетите лица ретко го користат правото на молчење.

# 12. Право на информирање за обвиненијата

Правото на правична расправа и неговото остварување низ работата на судовите во РМ може да се верифицира низ повеќе елементи. Првиот таков елемент е: дали органите на кривичниот прогон, обвинителството и судовите при секоја комуникација со обвинетото лице ***го запознаваат со неговите основни права, обвиненијата што му се ставаат на товар*** и со неговата правна положба во фазата за која станува збор од кривичната постапка.

***Секој обвинет ги има следниве минимални права:***

*... веднаш на јазикот што го разбира да биде детално известен за природата и причините на обвинението подигнато против него...*

---

[18] Правото на молчење ги супсумира во себе, правото на пресумпција на невиност и правото да не биде присилен да сведочи против себе или да признае вина.

- ...За секое лице што е обвинето за кривично дело се претпоставува дека е невино, додека неговата вина не биде законски установена.. чл. 14, ст. 2 од Меѓународен пакт за граѓански и политички права
  ... Секој обвинет за кривично дело има право да се претпоставува дека е невин се додека не се докаже неговата вина во согласност со закон и на јавно судење, на кое тој ги има сите гаранции неопходни за неговата одбрана. чл. 11 од универзална декларација за Човекови права
- ... Да не биде присилено да сведочи против самото себе или да ја признае вината. чл. 14, ст.3 е) од Меѓународен пакт за граѓански и политички права
  ...да не биде присилен да искажува против себе или своите блиски или да признае вина..чл.4, ст. 2 т.4 од Закон за кривична постапка.

*чл.6, ст.3 (а) од Европска конвенција за заштита на човекови права и слободи*

*Секое лице што е обвинето за кривично дело, наполно рамноправно има право на барем следните гаранции:*

*... да биде известено во најкраток рок на јазикот што го разбира и во подробности за природата и причините на обвинението што е подигнато против него...*

*чл. 14, ст.3 (а) од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права*

Проверувајќи го фактот дали обвинетото лице е запознаено со податокот зошто и во кое својство е повикано (доведено) пред органот, дали е запознаено со кривичното дело што му се става на товар, дали е запознаен со право на одбрана и да има бранител, право да се брани со молчење, право да се користи со својот мајчин јазик или да добие толкувач, низ нашето истражување се доаѓа до сознанието дека судовите во Македонија веќе го имаат прифатено и го применуваат стандардот.[19]

Во скоро сите случаи (99,7%) набљудувачите утврдиле дека обвинетото лице е претходно запознаено со неговите права, а само во 1 случај набљудуван на 27.10.2003 год. тоа не е сторено и тоа во Судот во Прилеп.

Судиите практикуваат на обвинетото лице загарантираните права да му ги соопштат на тој начин што гласно диктираат на записник. Сепак, соопштувањето на правата и составувањето на записник[20] се две процесни дејствија кои треба да се издвојат. Судовите тоа треба да го прават на соодветен начин во секоја фаза од кривичната постапка одделно.



## 13. Право на преведувач

***Секое лице што е обвинето за кривично дело, наполно рамноправно има право на барем следните гаранции:***

*... да добие бесплатно помош од толкувач, ако не го разбира или не го зборува јазикот на кој се води постапката...*

*чл. 14, ст.3 (ѓ) од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права*

Еден од важните стандарди загарантиран со Уставот, а потоа конкретизиран со ЗПП и ЗКП е прашањето на употребата на јазикот и писмото во судските постапки. Овој стандард е од

[19] чл. 4, ст.2 т.1 и чл.210, ст.2 од ЗКП

[20] При следење на кривичен предмет во Основен суд Скопје 1, за кривично дело даночно затајување, набљудувачите ставиле забелешка дека во записникот било евидентирано присуство на заменик-основен јавен обвинител, но тој воопшто не бил присутен, ниту на ова, ниту на главниот претрес во претходната постапка.
Во Основниот суд во Крушево на 30.09.2003 год. при следење на граѓански предмет забележано е дека во записникот за главната расправа воопшто не се наведува времето на започнувањето и завршувањето на истата.
Во Основниот суд во Виница на 23.09.2003 год. при набљудување на кривичен предмет во кој имало 14 обвинети во записник не се навело започнувањето и завршувањето на судскиот процес. Поименично не биле прочитани имињата на обвинетите.
При составувањето на записниците судиите мораат стриктно да се придржуваат кон одредбите од ЗКП за во:одење на записник. Во овој поглед, како што покажуваат горните примери, забележани се пропусти.

посебно значење кога се во прашање правата на припадниците на националностите во Република Македонија. Правото на припадниците на националностите во Република Македонија во судските постапки да се служат со својот јазик и писмо има три аспекти и тоа: првиот аспект е од гледна точка на еднаквоста, рамноправноста и недискриминација пред судот, вториот, можноста странката да го користи својот јазик и писмо во постапката пред судот кога тоа нејзино право е утврдено со Уставот во согласност со закон и третиот, странката да има право на преведувач кога не го разбира и не го зборува македонскиот јазик и неговото кирилско писмо.

Според член 7, став 1 од Уставот на РМ, на целата територија на Република Македонија и во нејзините меѓународни односи службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо. Друг јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните исто така е службен јазик и неговото писмо како што е определено со член 7, став 2 од Уставот. Во органите на државната власт во Република Македонија службен јазик различен од македонскиот јазик може да се користи во согласност со закон (член 7, став 5 од Уставот).



## Кривична постапка

Набљудувањето покажува дека постапките најчесто се водат на македонски јазик (што било случај во 96,8% од анализираните случаи). Во масата на набљудувани предмети анализата покажува дека од вкупно 309 пополнети прашалници само во 9 случаи (што претставува 2,9% од вкупните случаи) се барало толкување на албански јазик, а само во еден случај се барало користење турски јазик од страна на обвинетиот, кои барања судот ги прифатил и ги овозможил во текот на постапката. Треба да се каже дека националната структура на обвинетите се формира со доминантно учество на оние од македонската националност, а потоа на оние од албанската националност и Ромите.

**Набљудувачите забележале случај кога постапката не можела да започне бидејќи обвинетит барал постапката да ја следи преку преведувач, па судијата побарал преведувач во ходникот на судот а не овластен судски преведувач, и судењето го водел со тој преведувач, кој инаку и не го знаел најдобро јазикот на обвинетото лице**. [21]

**Заклучок:**

- Недостигот од квалификувани преведувачи во судовите на РМ доведува или до одлагање на постапката заради обезбедување на истите или до употреба на услугите на лица кои немаат соодветни квалификации.[22]

## Граѓанска постапка

Припадник на заедница кој како странка или друг учесник во постапката не го разбира и не го зборува македонскиот јазик и неговото писмо, има право на преведувач. Трошоците за преведувањето паѓаат на товар на средствата на судот [23].

[21]Стручно квалификувани преведувачи/толкувачи во Основниот суд Тетово не постојат, туку оваа работа ја вршат референти, приправници, па и дактилографи, во зависност од тоа кој е слободен.

[22] Министерството за правда работи на проект за вработување на преведувачи од албанска националност во судовите во Македонија, поставување на специјални кабини за преведување како и дополнителна опрема за слушање и за говорење на преводот.-Дневник ,10.02.2004 .
[23] чл. 1, став 1,2,3,4 од Законот за измена и дополнение на Законот за парнична постапка.

Постапката пред судот се води на македонски јазик и кирилско писмо. Меѓутоа, странките и другите учесници во постапката кои зборуваат друг службен јазик, кој исто така е службен во Република Македонија, во постапката имаат право при учеството на рочиштата и при усмено преземање на други процесни дејствија пред судот да го употребуваат својот јазик.

На овие странки и учесници во постапката им се обезбедува усно преведување на нивниот јазик тоа што се изнесува на рочиштето, како и писмено преведување на исправите кои се користат на рочиштето за докажување. Преведувањето го вршат судски преведувачи на товар на средствата на судот. На странките и другите учесници во постапката кои се граѓани на РМ, чии јазик е службен јазик различен од македонскиот јазик, поканите,одлуките и другите судски писмена им се доставуваат покрај на македонски и на тој јазик.

Исто така, овие странки и учесници во постапката, тужбите, жалбите и другите поднесоци можат да ги поднесат до судот на нивниот јазик и писмо, ако е тој службен јазик покрај македонскиот јазик и писмо. Поднесоците поднесени на друг службен јазик и писмо судот ги преведува на македонски јазик и кирилско пимо и ги доставува преведени до другите странки и учесници во постапката. Преведувањето го вршат судски преведувачи, а средствата паѓаат на товар на средствата на судот. Судот има обврска, односно тој е должен да ја поучи странката, односно другиот учесник во постапката за горенаведените права за употреба на јазикот. Судијата, односно претседателот на судскиот совет е должен да ја внесе во записникот поуката на судот и изјавата на странката, односно на другиот учесник во постапката.

Странките и другите учесници во постапката кои се граѓани на РМ, чиј јазик не е македонскиот јазик и кирилското писмо, а не е ни службен јазик различен од македонскиот јазик и кирилското писмо кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, во постапката имаат право при учеството на рочиштата и при усмено преземање на други процесни дејствија пред судот да го употребуваат својот јазик.

На овие странки и учесници во постапката им се обезбедува усно преведување на нивниот јазик на тоа што се изнесува на рочиштето, како и усно преведување на исправите кои се користат на рочиштето за докажување.

Судот е должен овие странки и учесници да ги поучи за правото дека можат усната постапка да ја следат на својот јазик со посредство на преведувач.

**Заклучок:**

- Судовите прават сериозни напори да обезбедат остварување на правото на преведувач, иако моменталната состојба со потребниот број на квалификувани преведувачи за сите јазици создава организациони проблеми кои во иднина мора да се разрешат.



## 14. Право на одбрана

### Кривична постапка

***Секое лице што е обвинето за кривично дело, наполно рамноправно има право на барем следните гаранции:***

*... Да присуствува на расправата и самото да се брани или да има бранител што го избрало; ако нема бранител да биде известено за своето право што го има и секогаш кога*

*тоа го бараат интересите на правдата да му се додели бранител по службена должност бесплатна ако нема можност да го плати..*

*чл. 14, ст.3 (г) од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права*

Правото на обвинетиот да се брани сам или со помош на бранител по свој избор, а доколку не располага со средства за бранителот да добие бесплатен адвокат кога интересите на правдата тоа го бараат е загарантирано со Уставот на РМ (чл.12) и конкретизирано со многу одредби во ЗКП.[24]

Ограничувања на ова право постојат исклучително, односно во точно определени случаи обвинетиот мора да има бранител (таксативно наброени во законот)[25], бранителот може да биде само адвокат[26], и бесплатна правна помош е предвидена само во случаите кога обвинетиот според својата имотна состојба не може да ги поднесе трошоците на одбрана и ако постапката се води за кривично дело за кое е пропишана казна затвор над три години (по поведено обвинение)[27].

Од претходните согледувања и анализи може да се заклучи дека обвинетите лица по правило се запознаени со нивното право на бранител и начинот на кој можат да обезбедат бранител и во тој ред и обврските на судот.

Од вкупно 244 пополнети прашалници во однос на оваа гаранција, во најголем број случаи – 235, односно 96,3% обвинетиот сам го одбрал својот бранител, а само во 9 случаи, односно 3,7% бранителот бил определен по службена должност.

Правото на обвинетото лице да се користи со сиромашко ***право за бесплатна одбрана***, во набљудуваните предмети како да е заборавено. Само во еден случај забележано е дека е користено правото на бесплатна одбрана.

Очигледно се работи за многу ретко користење на ова право. Одговорот за оваа состојба треба да се бара и воопшто во материјалната и финансиската положба на судовите кои немаат средства за нивната функција, а уште помалку за одбрана на обвинетиот. Интересно е што бесплатната одбрана ја добило лице на кое му се судело за кривично дело од членот 418 од КЗ – Засновање на ропски однос и превоз на лица во ропски однос.

**Заклучок:**

- Обвинетите најчесто сами ги избираат своите бранители.
- Правото на бесплатна правна помош мошне ретко се користи во кривичните предмети.

[24] Правото на одбрана може да се подели во повеќе посебни права:
- да се брани самиот себе лично
- да избере сопствен правен советник
- да биде информиран за правото на законски советник
- да добие бесплатна правна помош

„Во служба за заштита", Човековите права и хуманитарното право за полициските и безбедносни сили - февруари 98; К. Де Ровер

[25] Ако обвинетиот е нем, глув или неспособен самиот успешно да се брани, или ако против него се води кривична постапка за кривично дело за кое во законот е пропишана казна доживотен затвор,ако против него е определен притвор за време додека трае истиот, ако на обвинетиот му се суди во отсуство...чл 66 од ЗКП

[26] Бранител може да биде само адвокат чл. 63., ст.4 од ЗКП

[27] чл. 67 од ЗКП

## Граѓанска постапка

Судот во текот на целата постапка е должен да внимава дали правното лице, што е странка во спорот, го застапува лицето кое за тоа е овластено врз основа на статутот, или врз основа на законот. Исто така, судот е должен во текот на целата постапка да внимава дали парнично неспособната странка ја застапува нејзиниот законски застапник и дали тој има потребно овластување кога тоа е потребно.

Судот во текот на целата постапка мора да внимава дали лицето кое има полномошно е овластено за застапување и дали може да се појави како полномошник. Доколку во текот на постапката судот утврди дека има недостатоци во застапувањето на странката, тој е должен да преземе соодветни мерки.

Во бројката од 480 случаи колку што биле набљудувани во 56,0% тужениот имал полномошник а во 11,0% се застапувал самиот. За 158 случаи или во проценти 33%, во прашалниците нема одговор на поставеното прашање.

Од вкупно 269 рочишта во кои тужениот имал полномошник, во 217 или во проценти 45,2% тужениот имал полномошник кој бил адвокат, во 54 случаи или во проценти 11,3% полномошникот на тужениот не бил адвокат. Што се однесува до тужителот во 480 рочишта, тој бил застапуван од полномошник во 371 случаи, или 77,3%, а во 41 случаи или 8,5% тој немал полномошник, односно сам се застапувал, а во 68 прашалника или 14,2 % нема одговор за поставеното прашање.




Од вкупно 371 случаи во кој тужителот имал полномошник, во 339, или 70,6% неговиот полномошник бил адвокат, во 36 случаи или во 7,5% неговиот полномошник не бил од редот на адвокатите, а во 104 прашалника или 21,7% нема одговор на поставеното прашање.

При анализа на горенаведените податоци можеме со право да заклучиме дека и тужителот и тужениот во најголем број на случаи се застапувани во постапката пред судот со полномошник кој во најголем број на случаи е од редот на адвокатите.

Ова покажува дека странките сакаат да бидат застапувани од квалификувани полномошници-адвокати, што е сосема разбирливо и многу добро.

**Заклучок:**

- Во најголем број на случаи тужителот и тужениот се застапувани од полномошник во постапката пред судот. Полномошникот најчесто е од редот на адвокатите.

**Препорака:**

6 При овие состојби што денес постојат во РМ неопходно е да се афирмира сиромашкото право на одбрана и да се формира фонд од кој ќе се остварува одбраната и правото на бранител.

# *15. Капацитет на судовите, просторни можности и услови за работа*

**Скопје**

Основните судови Скопје 1 и Скопје 2 решаваат годишно 300.000 предмети*.
Во нив функционираат повеќе одделенија , кои физички се лоцирани во иста зграда, со исклучок на Одделението за прекршоци при Основен суд Скопје 1 кое е одвоено од зградата во која се сместени останатите судници од овој суд.
Основниот суд Скопје 1 е опремен со компјутери и друга техника неопходна за реализација на секојдневните активности.
Во Основниот суд Скопје 2 судат 75 судии. Минатата година секој судија одлучувал по 2000 предмети годишно, односно просечно по 5 предмети дневно. Судската зграда е од понов датум и истата е опремена со компјутерска опрема.

**Струмица**

Во Основниот суд Струмица судат 27 судии во 13 судници. Секое судење се врши во сала, а не во судска канцеларија. Истите се опремени со компјутерска опрема.
Во администрацијата покрај вработените над 100 лица, дополнително се ангажираат волонтери.

**Гевгелија**

Во Основниот суд Гевгелија има исто така 16 судии, од кои 6 работат на граѓански, а 2 на кривични предмети (2 истражни судии). Во овој суд постојат 4 судници или 4 судии можат да користат една судница. Поради тоа и во овој суд е евидентен недостигот од доволни просторни услови за нормално одвивање на судските процеси. Како во Основниот суд Кавадарци, и во Гевгелија често судењета се одржуваат во судиските канцеларии.
Основниот суд во Гевгелија има 79 административни работници.

**Кочани**

Во Основниот суд во Кочани има 18 судии и 60 вработени лица во судската администрација. Компјутерска опрема има во трите судници и судските канцеларии, но не и во писарниците.

**Кичево**

Во Основниот суд Кичево судат 15 судии, во вкупно 5 судници.
Административни работници има 53.

**Гостивар**

Основниот суд Гостивар располага со 6 судници, во кои судат 20 судии.
Административниот персонал брои 60 работници, додека доставната служба има 8 доставувачи. Месечната норма во доменот на кривичните предмети брои 17, додека во граѓанските 24 предмети

**Дебар**

Во Основниот суд Дебар, во две судници судат 4 судии. Месечната норма во кривично-правната материја изнесува 20 предмети, додека во граѓанската 25 предмети.
Доставната служба ја сочинуваат 3 доставувачи.

**Неготино**

Основниот суд Неготино располага со три судници, а вкупно 6 судии. Двајца од судиите работат на граѓански и исто толку на кривични предмети. Односот помеѓу бројот на судниците и бројот на судиите е 1 на спрема 2, односно една судница е на располагање на двајца судии. Таквиот соодност дозволува претежно судењета во овој суд да се спроведуваат во судниците. Основниот суд во Неготино има 23 административни работници.

**Крушево**

Во Основниот суд Крушево бројот на судии изнесува 4 од кои 1 е претседател на судот. Со оглед на фактот дека станува збор за помал суд, истиот има само 2 судници, бројот на административни работници е соодветен на капацитетот на судот. Во поглед на техничката опременост на судот може да се каже дека судот е добро опремен со мебел, а исто така има и компјутери.

**Прилеп**

Основниот суд во Прилеп има 22 судии и 1 претседател на судот, во план е да се надополнат двете испразнети судски места поради нивен избор за судии на Апелациониот суд во Битола. Бројот на судници е 7, судската зграда се доградува со цел да се овозможи поголем деловен простор за поефикасна работа на судиите. Техничката опременост на судот е добра и одговара за намената. Административните работници вработени во судот одговараат на капацитетот на судот.

**Куманово**

Во Основен суд Куманово на располагање се 8 судници во кои судат 32 судии. Од нив 6 судии работат на кривични предмети, а 10 на граѓански. Судот располага со компјутери и печатачи кои засега ги задоволуваат потребите на судиите и 60 административни работници кои работат таму. Секој судија работи просечно по 5 предмети дневно , со напомена дека секој судија не суди секој работен ден.

**Крива Паланка**

Во Основен суд Крива Паланка работат вкупно 8 судии во 4 судници. Во овој суд на располагање се 22 компјутери и печатачи кои ги користат 34 административни работници.
Секој судија работи просечно по 6 предмети дневно или вкупно се покриваат 35 - 47 предмети дневно

**Кратово**

Во Основен суд Кратово вработени се вкупно 4 судии од кои 2 на кривични, 2 на граѓански предмети и истите користат две судници. Овој суд е опремен со 6 компјутери и 3 печатачи кои освен судиите ги користат 16 административни работници.
Секој судија суди во просек по 5 предмети дневно.

**Свети Николе**

Основниот суд Свети Николе располага со вкупно 8 сали за судење-2 големи и 6 помали. Истите ги користат вкупно 6 судии, од кои двајца судат кривични предмети, 3 граѓански, а претседателот ја води истрагата, оставинските предмети и предмети по замолници. Овој суд е опремен со 14 компјутери и 10 печатачи кои ги користат 19 административни работници вработени во судот.
Секој судија работи во просек на 2 предмети дневно.

**Делчево**

Основниот суд Делчево располага со 3 сали за судење од кои една голема и две помали и истите ги користат 6 судии. И овој суд располага со доволен број на компјутери кои ги задоволуваат потребите на вкупно 19 административни работници вработени во судот. Секој судија работи во просек на 2 предмети дневно.

**Берово**

Основниот суд Берово располага со 2 сали за судење кои ги користат 6 судии.Судот е опремен со компјутери, печатачи и сите минимум потребни материјали за непречено работење.
Секој судија работи во просек по 2 предмети дневно.

**Ресен**

Основниот суд Ресен има 5 судии од кои 1 е претседател на судот, бројот на судници е 4. Судниците не се добро опремени, бидејќи мебелот е стар и не одговара на намената. Судот не е опремен со компјутери. Бројот на административни работници вработени во судот е соодветен на капацитетот на судот.

**Виница**

Во Основниот суд Виница има 5 судии и судат по два дена во неделата во една судница. Персоналот брои 34 лица.
Компјутерското опремување е во почетна фаза.

**Радовиш**

Во Основниот суд Радовиш има 10 судии. Персоналот брои 52 вработени лица. Судиите судат во 3 сали и во своите канцеларии. Сé уште не се работи интензивно со компјутери.

**Кавадарци**

Во Основниот суд Кавадарци има само две судници, а во работа се 16 судии. Од вкупниот број судии, по граѓански предмети работат 11, а по кривични 3 судии (две места се испразнети). Број на судниците не ги задоволува потребите на сите судии за водење на судските процеси, па од тие причини повеќето судии практикуваат судењата да ги спроведуваат во сопствените канцеларии, од кои некои немаат доволно простор да обезбедат пристојни услови за делење на правдата. Основниот суд во Кавадарци вработува 56 административни работници. Сите судии имаат сопствен компјутер. Исто така и граѓанските и кривичните одделенија се опремени со компјутери.

**Битола**

Во Основниот суд Битола бројот на судии изнесува 29 од кои 1 е претседател на судот, бројот на судници изнесува 10. Судиите ги користат судниците по претходно утврден распоред и тоа два дена во неделата судат во судница, а еден ден во канцеларија.
Недостасува простор за сместување на персоналот со оглед на тоа дека зградата е изградена порано и не одговара на моменталната состојба во поглед на бројот на вработените.
Овде се јавува и проблем со немање на соодветни простории кои адвокатите можат да ги користат при вршењето увид во предметите. Истите се принудени да чекаат или да дојдат во друг ден со што се губи време и континуирано не може да се постапува по предметот.

**Штип**

Во Основниот суд Штип судат 24 судии.
Судската зграда е од постар тип, градена 1958 год., во која се сместени Основниот суд, Апелациониот суд, Основното јавно обвинителство, Вишото јавно обвинителство и Правобранителот за Штип, Пробиштип и СВ. Николе. Судот располага со 3 судници од кои две се за судење по кривични предмети и една за граѓански. Салите се опремени со компјутерска опрема, а сите судски канцеларии исто така поседуваат компјутери со печатачи. Судиите најчесто судат во своите канцеларии по предмети со помал број на странки, а за поголемите кривични предмети се суди во судници.
Администрацијата брои 93 вработени, а се ангажираат и лица по договор за потребите од записничари, како и извршители по извршни предмети. Писарниците имаат компјутер, но уписот на предмети сé уште се води рачно. Судското одделение во Пробиштип располага со судница, 2 судски канцеларии, 1 писарница и 2 вработени лица.

**Тетово**

Во Основниот суд Тетово судат 28 судии: претседател на судот, граѓански - 8, кривични - 7, прекршочни - 6, извршни - 2, оставински - 2 и истражни- 2. На истите им помагаат 7 стручни работници и 9 приправници.
Доставната служба функционира со 5 доставувачи.

Вкупниот број на вработени е 120 лица.
Во судската зграда има 9 судници од кои 8 се мали, додека една од нив е голема. Судиите за прекршоци, за разлика, редовно судат во своите канцеларии, а не во судници.

Компјутерска опрема има во сите судници, во канцелариите на секој судија, сите одделенија, но не се употребуваат, иако во 2002 година сите судии, референти, дактилографи и др. посетувале курс по компјутери.

**Заклучок:**

Во работата на Комисијата за измени и дополнување на Законот за судовите по наше мислење треба да се обрне внимание повторно на прашањето на надлежностите и организацијата на судската мрежа и судовите. Односно, неопходно е да се направи анализа на оптовареноста на одделните судови со предмети по видови и во таа смисла да се разреши прашањето на бројот на судиите во секој суд и надлежноста на судовите.
Прашањата на месната и стварната надлежност изискува да се изгради нов пристап кон нивно разрешување, во функција на зголемување на ефикасноста и експедитивноста во судовите.

Очигледно е дека поголемиот дел судови во РМ се соочуваат со голем број проблеми во врска со просторното сместување, кое би било во согласност со процесот на работа што се одвива во судовите. Посебен проблем претставуваат недоволниот број на судниците. Како последица на овие состојби во некои судови судењата се вршат во канцелариите на судиите.

Во ниеден суд во РМ не постои посебна просторија која би им припаѓала на адвокатите и обвинителите, во која би престојувале меѓу два процеси или во која би можеле да ги добиваат нужните информации, писмена и други списи што се однесуваат на нив и нивната работа.
Ова би било и чекор кон унапредувањето на комуникацијата помеѓу адвокатите и судиите во насока на зголемување на ажурноста на судовите и подобрување на квалитетот на судските процеси.
Неопходно е да се забрза и унапреди примената на самостојниот судски буџет и на тој начин да се обезбеди разреішувањето на многубројните финансиски проблеми со кои секојдневно се соочуваат судовите.

# *Прилог: Листа на набљудувани кривични дела*

| Член | Кривично дело |
|---|---|
| 123 | Убиство |
| 130 | Телесна повреда |
| 131 | Тешка телесна повреда |
| 132 | Учество во тепачка |
| 133 | Загрозување со опасно орудие при тепачка или караница |
| 136 | Неукажување помош |
| 144 | Загрозување на сигурноста |
| 145 | Нарушување на неповредливоста на домот |
| 166 | Повреда на правата од работен однос |
| 172 | Клевета |
| 173 | Навреда |
| 174 | Омаловажување со префрлање за кр. дело |
| 186 | Силување |
| 187 | Обљуба врз немоќно лице |
| 188 | Полов напад врз дете |
| 191 | Посредување во вршење проституција |
| 196 | Овозможување да се склучи недозволен брак |
| 197 | Вонбрачен живот со малолетно лице |
| 198 | Одземање малолетник |
| 200 | Напуштање немоќно дете |
| 201 | Запуштање и малтретирање на мал. дете. |
| 202 | Неплаќање издршка |
| 215 | Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори |
| 216 | Овозможување на употреба наркотични дроги, психотропни супстанциии и прекурзори |
| 235 | Кражба |
| 236 | Тешка кражба |
| 237 | Разбојништво |
| 238 | Разбојничка кражба |
| 240 | Послужување |
| 242 | Одземање на моторно возило |

| | |
|---|---|
| 243 | Одземање туѓи предмети |
| 247 | Измама |
| 248 | Измамување на купувачи |
| 251 | Навлегување во компјутерски систем |
| 254 | Лажен стечај |
| 258 | Изнуда |
| 261 | Прикривање |
| 264 | Оштетување или уништување на споменици од културно и историско значење |
| 268 | Фалсификување пари |
| 274 | Издавање чек без покритие и злоупотреба на кредитна картичка |
| 278 | Криумчарење |
| 279 | Даночно затајување |
| 285 | Неовластена употреба на туѓа фирма |
| 286 | Наовластена употреба на туѓ пронајдок |
| 287 | Предизвикување општа опасност |
| 290 | Оштетување на заштитни уреди |
| 291 | Уништување или оштетување јавни инсталации |
| 292 | Тешки дела против општата сигурност |
| 296 | Неучество во отстранување општа опасност |
| 297 | Загрозување на безбедноста на сообраќајот со опасно дејство или средство |
| 300 | Тешки тела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот |
| 301 | Неукажување помош на лице повредено во сообраќајна незгода |
| 304 | Уништување или отстранување знак што служи за безбедност на воздушниот сообраќај |
| 341 | Неодзивање на позив и одбегнување на воена служба |
| 353 | Злоупотреба на службената положба и овластување |
| 354 | Проневера во службата |
| 355 | Измама во службата |
| 357 | Примање поткуп |
| 358 | Давање поткуп |
| 361 | Фалсификување службена исправа |
| 367 | Давање лажен исказ |
| 377 | Неизвршување на судска исправа |
| 378 | Фалсификување исправа |
| 379 | Посебни случаи на фалсификување исправи |
| 382 | Спречување службено лице во вршење службено дејствие |
| 383 | Напад на службено лице при вршење работи на безбедноста |
| 386 | Насилство |
| 391 | Лажно претставување |
| 392 | Самовластие |
| 396 | Недозволено држење на оружје или распрскувачки материјали |
| 418 | Засновање ропски однос и превоз на лица во ропски однос |
| 421 | Земање заложници |

Прибелешки

Organization for Security and Co-operation in Europe
Spillover Monitor
Mission to Skopje

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ИНСТИТУТ
SOCIETY ОТВОРЕНО
INSTITUTE ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА